

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 903.5:726.8(497.715)“638“
УДК 903.5:903.2/.27(497.715)“638“

Бобан ХУСЕНОВСКИ

# БОЛОВАН – НЕКРОПОЛА ОД ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ КАЈ БОГДАНЦИ

(*Прилог кон проучувањето на религијата на пајонските заедници во Долно Повардарје*)

**Клучни зборови**: *Болован, Богданци, железно време, некропола, појасна гарнитура, лачна фибула од “островски” тип.*

***Апстракт****: Географскиот просторот помеѓу Исар-Марвинци (Валандово) и Вардарски Рид (Гевгелија), вклучувајќи ги и пошироките граници на западниот и на источниот брег на реката Вардар (Аксиј), е регион со најголем број на откриени и истражени железнодопски некрополи.*

*Кон корпусот на “долновардарските” рамни некрополи: Зелениште-Валандово, Лисичин Дол-Исар (Марвинци), Глос-Грчиште, Бишов Јавор, Сува Река, Парагон, Милци и Раул, гравитираат и периферно лоцираните Дедели и Каракуш. Новорегистрираната некропола Болован, која се наоѓа во близина на Богданци, според културно/хронолошките одлики спаѓа во истиот споменат круг на некрополи. Изворниот потенцијал на некрополата Болован како средиште и извор на движно културно наследство за општина Богданци, уништен е, пред да се реализираат значајни археолошки ископувања, и пред да се спроведе целосна валоризација на овој археолошки локалитет. Спасеното движно културно наследство од оваа некропола, кое ќе биде претставено во овој труд е обид за оживување на изворниот потенцијал на оваа значајна пајонска некропола од VII - VI век пр.н.е*

Првите податоци за пределот Болован се појавија во текот на 2002 год., и беа поврзани со бројни информации за несистематско (нелегално) ископување, на овој дотогаш непознат и нерегистриран археолошки локалитет.[1] Локалитетот е дел од месноста Долни Болован, одалечен на околу 5 км., северо-источно од Богданци[2], во непосредна близина на десниот брег на реката Луда Мара, и на надморска височина од 170 м. (Сл.1).

Подоцна утврдените општи карактеристики на локалитетот, укажуваат дека се работи за уште една некропола, во низата, дотогаш познати некрополи од железно време во гевгелиско-валандовската котлина, односно во пошироките граници на Долно Повардарје. Целта на првите заштитни археолошки ископувања на некрополата Болован, покрај санацијата и документација на девастираните гробни целини[3], беше и дефинирање на нејзините граници и културно-хронолошките паралели со еднообразните некрополи од железно време: Сува Река, Милци, Глос - Грчиште, Бишов Јавор, Лисичин Дол, Дедели, Каракуш и др. (Табла I). Добиените прелиминарни резултати ги потврдија назнаките дека истражениот простор на локалитетот Болован, бил дел од јавниот простор, кој локалната заедница во VII-VI век пр.н.е., го уредила за потребите на колективна некропола.[4]

[1] Информациите беа проследени од страна на тогашниот РЗЗСК од Скопје, а од страна на МВР СВР Гевгелија беше отстапена колекцијата на бронзени предмети, запленети во полициска акција. (Записник од 21.10.2002 год., и Реверс бр. 07-188/1 од 22.10.2002 год., архивирани во НУ Музеј - Гевгелија).

[2] (К.П.бр. 2907; N 41.220047; E 22.630767; Y 7637179.43; X 4565333.69 - според Gauss-Krϋger, WGS84).

[3] Стручен тим на тогашниот Народен музеј од Гевгелија во состав: раководител Бобан Хусеновски виш-кустос археолог и членови на стручниот тим: Емил Сламков кустос-археолог, Ѓорѓе Гушев кутос-документатор, Маја Лештова помошник документатор и Стефан Данев виш кустос-археолог од Народен музеј од Свети Николе, во период од 5.05-14.06.2003 год., ги реализираа првите заштиитни ископувања на некрополата Болован. (Дозвола за археолошко ископување бр. 08-689/2 од 21.04.2003 год.).

[4] Во *Археолошката карта на Република Македонија*, Том 2, Скопје 1996 год., во поглавјето за општина Гевгелија, археолошки локалитет под име Болован не бил евидентиран (до 2004 год., и Богданци бил дел од административниот простор на општина Гевгелија).

Во текот на реализацијата на проектот за заштитно ископување на дел од некрополата Болован, беа откриени и документирани вкупно 23 гробни конструкции, од кои само две, беа интактно затворени гробни целини. Со оглед дека се работи за некропола која се простира на голема површина, во првата фаза на ископувањето во 2003 год., заради недостаток на финансиски средства, десетина претходно отворени гробни конструкции, не беа документирани, а границите на некрополата остана неутврдени.[5]



Сл. 1 - Географска положба на некрополата Болован.

### Организација на некрополата и типови на гробни конструкции

Истражениот простор на Болован, потврдува дека се работи за рамна некропола со инхумирани покојници, положени во правоаголни цисти, кои се подигнати и покриени со делумно обработени камени плочи. Коморите, вообичаено се формирани од две или повеќе странични, а подножјето и фронтот со по една обработена камена плоча. Покривната конструкција обично е формирана од една, две масивни плочи или пак од неколку со помали димензии. Дното на коморите, речиси стандардно е решено со нивелација на здравицата, а само кај две конструкции (гроб-цисти 4 и 9), тоа е постелено со обработени тенки камени плочи.

Распоредот и ориентацијата на гробните конструкции не е униформирана (Сл.2). Значителен дел од конструкциите е насочен во правец североисток-југозапад. Длабочината на погребување во однос на современата површина на движење, најчесто се движи помеѓу 1.00 и 1.40 м., со исклучок на плитко фундираните конструкции до 0.80 м., или одделните гробни целини до длабочина од 2.10 м. Иако постои разлика во длабочината на вкопување на гробните цисти, според хронолошкото вреднување на движниот материјал од затворените гробни целини, а и случајните наоди без археолошки контекст, засега постои мислење дека некрополата е организирана во еден (стратиграфски) културен хоризонт. Појавата на остатоците од питос под гроб 23 (Сл.3), најавува можност за постоење на втор, постар хоризонт, чиј карактер би можел прецизно да се утврди, само со нови систематски ископувања.

Некрополата се простира на една голема тераса, чии што подлабоки слоеви на земјата изобилуваат со висок степен на влага/вода. Во текот на ископувањето, тоа посебно беше забележливо во коморите на гробовите-цисти 23 и 15 (Сл. 3; Сл. 8). Најверојатно, поради специфичниот хемиски состав на земјата и постојана присутност на висока влага (вода), речиси целиот инвентар на металните наоди, посебно на оние од бронза, беа извонредно добро сочувани и прекриени со слој на благородна патина. Во опкружување на постојана присутност на подземните води, остеолошкиот материјал може да се детектира само во траги, и тој е речиси неупотреблив за натамошна анализа. Во непосредна близина на претходно отворените цисти, кај дел од нив, се регистрирани неправилно обликувани камени греди или плочи, кои во интактен археолошки контекст, најверојатно би можеле, да се поврзат со праксата на одбележување на гробното место со поставување на надгробен маркер - "стела".

Непосредната околина на некрополата и воопшто целиот реон на Болован, изобилува со се-

[5] По реализација на заштитните ископувања во 2003 год., раководителот на ископувањето, на Годишниот конкурс на Министерството за култура за 2004 год., поднесе пријава за систематско археолошко ископување на некрополата Болован, но истата, без образложение не беше прифатена.



Сл. 2 - Истражување на некрополата Болован во 2003 год. (Фото: Б. Хусеновски)

диментна карпа, којашто доминантно била употребувана во подигањето на гробните конструкции. Покрај документираните гробови-цисти на некрополата Болован, засега не е утврдена употреба на друг тип на гробни конструкции.

**Модели на повеќекратна употеба на гробна конструкција**

Следејќи ја погребната пракса при погребување на инхумирани индивидуи на некрополите Дедели, Милци и Болован, констатирани се варијации на моделот за една и повеќекратна употреба на гробните конструкции:

Еднократни погребувања во јама под могилка од нафрлани камења или во јами слободно вкопани во земјата, без дополнителни градежни елементи. Двократни или повеќекратни погребувања под могилки или јами, во рамки на еден гробен простор, досега не се регистрирани.

Еднократни погребувања на една индивидуа во циста, чиј скелет и гробните прилози се откриваат во изворна положба.

Еднократни погребувања на две индивидуи во циста, чии скелети се во анатомски ред, а гробните прилози во интактна позиција. Такви случаи се забележани во гроб 20 на некрополата Дедели[6], каде што черепите од скелетите на погребаните маж и жена, положени еден покрај друг, им биле насочени во ист правец. Идентичен модел е забележан на некрополата Милци, каде во интактниот гроб-циста 161[7] (Сл. 4), биле откриени скелети на најверојатно, истовремено погребани две женски индивидуи, усмерени на спротивните страни од комората, слично на положбата на двата скелета на возрасни особи во гроб 39 и на две дијаметрално поставени тела на деца во гроб 42 од Сува Река.[8]

Двократни погребувања во циста, во која остеолошките остатоци и гробните прилози на примарно погребаните покојници, биле редуцирани внатре во комората, покрај стопалата на секундарно погребаните единки. Такви типични модели на погребувања, документирани се во гроб 36 и 45 од Сува Река[9], гроб 39 од Дедели[10], гроб 92 од Милци[11], каде дополнително е утврдена и јама со вонгробен групен наод (види подолу), и гробот-циста 15 од Болован за кој станува збор во овој труд.

[6] Митревски Д. 1991, 42, Сл. 20.

[7] Необјавен наод.

[8] Пашиќ Р. 1978, 26.

[9] Пашиќ Р. 1978, 25, 27.

[10] Митревски Д. 1991, 28.

[11] Необјавен наод.




Сл. 3 - Детал од гробот 23, во текот на откривањето. (Фото: Б. Хусеновски)

Двократни погребувања во цисти, каде скелетите и гробните прилози на секундарно погребаните индивидуи се во интактна состојба, а фрагментираните остеолошки остатоци и најверојатно, нецелосниот број на прилозите на примарно погребаните, биле поместени во мала јама, непосредно до една од надворешните бочни страни на цистите. Овој модел на редукција на погребните остатоци надвор од гробната комора, на некрополата Милци е забележан во гроб 6[12] и гроб 65/67.[13] Кај погоре споменатиот гроб 92 од Милци, всушност се регистрирани остатоци од три индивидуи, ако се земе во предвид дека во комората се регистрирани остатоци на две индивидуи (секундарниот и терцијарниот), а покрај бочната надворешна страна на цистата и откриениот богат вонгробен наод, треба најверојатно да се идентификуваат како остатоци на првопогребаниот.

Покрај набројаните помалку или повеќе познати форми на пост-погребни активности во и околу гробовите-цисти, постои уште една, засега уникатна форма, откриена на некрополата



Сл. 4 - Некропола Милци, двојно погребување во гроб-циста 161. (Фото: Б. Хусеновски)

Милци. Се работи гроб-циста (депозит, теренски именуван како гроб 139), подигнат од обработени камени плочи (0.60 x 0.30м.), во која била депонирана значителна количина на фрагментирани коски, заедно со целосно зачуваните прилози - три керамички садови и пар бронзени обетки[14] (Сл. 5). Праксата на честа употреба на депозити и транзит на постариот остеолошки материјал и гробните прилози во нив, е карактеристичен кај некрополите од помлади културни периоди, какви што се откриените 54 депозити од Северната некропола од Коринт, датирани во период на VI-IV век пр.н.е.[15]

---

[12] Георгиев З. 1980, 43, Сл. 6.

[13] Хусеновски Б. 2005, Сл. 1; Heillman D. 2020, 183, Fig. 9.5.

[14] Необјавен наод.

[15] Blegen W. C., Palmer H. and Young R.S. (eds.), 1964, 300-313.



Сл. 5 - Некропола Милци, депозит - (гроб-циста 139). (Фото: Хусеновски Б.)

Во рамки на илустрацијата на феноменот на повеќекратна употреба на една гробна циста, како последен се појавува моделот на нејзина трикратна употреба. Како што е и претходно споменато, таквата пракса е забележана во три гробови од некрополата Дедели (29, 56 и 79)[16], и во гроб-циста 155 од Милци[17], во кој сите три черепи биле сместени во еден агол, а останатиот остеолошки материјал од претходниците, покрај изворно зачуваниот терцијарен скелет, беа расфрлани низ целата комора (Сл. 6).

Во контекст на документираните примери на скелетно погребување во питоси, досега не се забележани случаи на негова повеќекратна употреба.

Обичајот на повеќекратна употреба на гробните цисти, е регистриран на повеќе железнодопски некрополи во Долно Повардарје, а особено добро се документирани на некрополите Дедели и Милци.[18] Кај двократното погребување во гробот-циста 15 од Болован, остеолошкиот материјал во траги и прилозите на примарно погребаната индивидуа, по основ на еден од обичаите



Сл. 6 - Некропола Милци, гроб-циста 155, трократно погребување. (Фото: Б. Хусеновски)

на погребната пракса, биле собрани во долната половина на цистата, односно покрај нозете на секундарно погребаната особа. Посебно треба да се напомене, дека инвентарот на двете покојнички е подеднакво индивидуализиран, богат и статусно нагласен, што не е пракса кај повеќето двојни погребувања, кога гробните прилози на примарно вкопаниот во однос на секундарниот се забележливо редуцирани по број и разновидност на објектите. Мотивот и причините за евидентното редуцирање на инвентарот, може да се заснова на објективно поскромното погребно дарување или пак редуцирањето на дел од гробните дарови,

[16] Митревски Д. 1991, 36, Сл. 28, 40.

[17] Необјавен наод.

[18] Во текот на ископувањата на некрополата Милци од 2011-2021 год., се регистрирани осум повеќекратно употребени цисти.

како израз на ритуално однесување на учесниците во повторната подготовка на гробната конструкција. Подетално за обичајните погребни пракси, зборува Д. Хејлман.[19] Авторката ги издвојува двете најчесто употребувани пост-погребни пракси, првата која е фокусирана на девијациите во содржината на комората, а втората кон префрлањето на гробниот фонд надвор од цистата.

Најпрво, како основа за детална анализа на повеќекратните погребувања, ќе ги искористиме откриените ситуации во гробовите од некрополата Дедели.[20] Така, во гробовите 33, 39, 43, 44, 53 и 81 документирани се двојни погребувања со депонирање на остатоците и прилозите на примарно погребаната индивидуа во едната половина на комората. Во секој од гробовите 29, 56 и 79, се регистрирани остатоци од по три инхумирани индивидуи, од кои терцијарниот покојник вообичаено е во испружена положба, а двата претходни - редуцирани, покрај неговите стапала. Третата варијанта на двојно погребување, регистрирана е во гроб 20, каде телата на двата покојника во анатомски ред, биле положени еден покрај друг.

Манипулацијата со остатоците од примарно погребаната особа, заради управување со процесот на повеќекратна употреба на цистата, е забележан и на некрополата Милци. За пост-погребната пракса, воочена кај гроб 65/67 од истата некропола, двајца автори веќе понудиле свои видувања.[21]

Во контекст на откриените вкупно 162 гробни конструкции на некрополата Милци во период од 2011-2022 год., кај осум гробни целини е забележано нивно повторно отварање и припрема за погреб на новиот покојник. Во гробовите 78 и 172, се регистрирани остатоци и прилози карактеристични за погребан маж и жена; во гробовите 92, 123, 158, 161 и 164 присутни се остеолошки остатоци и инвентар на две женски особи, а во гроб 155 е документирано погребување на три лица, веројатно две жени и маж (?), како што може да се утврди од бројот и карактерот на гробните прилози.[22] (Сл. 6).

Недостатокот од антрополошко-форензичка анализа на остеолошките остатоци на покојниците, покрај можните причини за нивната биолошка смрт (природна, насилна, несреќна случка или жртва на болест-епидемија), веројатно би пружиле и низа објективни индикатори за временската дистанца, помеѓу погребувањата на две или повеќе особи во една гробна конструкција. Токму во тој податок, веројатно може да се препознае и причината за разликите во формата на поместување на примарните, а во поретки случаи и на секундарните остатоци на покојниците. Хипотетички гледано, временската дистанца помеѓу две погребувања во иста циста, и степенот на дезинтеграција (непрепознатливост) на остатоците од претходниот покојник, го одредува начинот на редуцирање на неговите остатоци и прилози. Колку што е подолга временската дистанца толку, во основа, ќе биде порадикална и редукцијата на остатоците на покојникот.

* * *

Од вкупно документираните 23 гробови-цисти на некрополата Болован, само гробовите 15 и 23 беа затворени гробни целини. Гробниот инвентар на двете интактни гробни целини се основа за истражување и дефинирање на културните и хронолошките карактеристики на некрополата и нејзиното место во групата некрополи од железно време во Долно Повардарје.

Иако гробот 14 беше регистриран како несистематски отворена гробна целина, тој сепак остана во фокусот на нашиот интерес и тоа поради присуството на два заостанати гробни прилози, и особено заради појавата, на досега нерегистриран тип на бронзена лачна фибула.

## Гробни целини

**Гроб 14** - (Табла II; Сл.7/а-в)

Правоаголна циста изградена од масивни, невоедначено обработени камени плочи. Во текот на нелегалното ископување, дел од челните плочи на комората биле изместени од изворната положба. Цистата со димензии 1.77 x 0.45 м., била ориентирана во првец запад/исток со мал отклон кон север. Во недостаток на дислоцираната и делумно уништената покривна конструкција, изворно сочуваните вертикални камени плочи на цистата беа регистрирани на длабочина од 1.00 м., а нивелираното дно на комората на 1.40 м. Врз основа на различниот карактер на споменатите два прилози, откриени во раскопаната содржина на комората и недостатокот на интактен остеолошки материјал (само ситни фрагменти на коски), претпоставката за двократна употреба на цистата, не можеше да се потврди врз основа на карактерот на наодите.

Во компромитираната содржина на комората, евидентирани се само два бронзени прилози: 1. Пинцета-маша, и 2. Лачна еднопетлеста фибула, (Сл.7/а-б).

[19] Heillman D. 2020, 175-187.

[20] Митревски Д. 1991, 17-37.

[21] Хусеновски Б. 2005, 93-95, Сл. 1.; Heillman D. 2020, Fig. 9.5.

[22] Необјавен наод.



а. б. в.

Сл. 7 - Наоди во гроб-циста 14, Сл.7/а, б; Случаен наод, Сл.7/в. (Фото: Б. Хусеновски)

**Пинцета.** - Пронајдената пинцета (маша), изработена е од тенок бронзен лим, чии два идентична, делтоидни крака се допираат со проширените завршетоци (Сл.7/а). Пинцетата, покрај бричот и острилото, е еден од трите основни елементи на тоалетна гарнитура за дотерување на брадата кај мажите. Поблиското запознавање со појавата на бронзените пинцети (во позадина на останатите два елементи), е можно преку увидот во нивната дисперзија и бројна состојба на некои од некрополите од Долно Повардарје. Во Сува Река се регистрирани во гробовите 33 и 52[23], а во Дедели во гробовите 6А, 27, 66 и 68.[24] Во текот на иницијалното ископување на некрополата Милци во 1979, идентичен тип на пинцети е откриен во гроб 5, 6 и 8[25], а во рамки на заштитното ископување во 1997 год., бил откриен само еден примерок, како дел од инвентарот на гроб 73[26], додека нови 6 примероци од истата некропола, потекнуваат од гробовите 110, 172, 176, 209 и 234.[27]

Кога зборуваме за културното и социјалното значење на пинцетите во инвентарот на машките гробови, како и за нивната појава и временски континуитет на употреба, тие треба да се разгледуваат интегрално со другите два елементи од гарнитурата, иако заедно, не се среќаваат често во изворна комбинација. Тешко е да се утврди дали се појавуваат истовремено, или појавата и употребата на бричот и острилото претходи на пинцетата, која се јавува во улога на нов моден и практичен елемент во машкиот тоалетен прибор. Без да навлегуваме во детална хронолошка анализа на сите три елементи, Д. Митревски[28] ја поврзува нивната појава со пошироките граници на VII-VI век пр.н.е., и тоа врз основа на бројни наоди во внатрешноста на Балканот, додека З. Георгиев[29] ги идентификува како одраз на грчката колонизација на трако-македонскиот брег, чии културни влијанија доаѓаат до полн израз, кон крајот на VII век пр.н.е., и во текот на следниот век.

Во инвентарот на погоре споменатите пет гробни целини од некрополата Милци, тие како пар пинцети (бронзен и железен примерок) и пар железни бричеви беа документирани во гроб 110[30], каде се појавуваат заедно со еден примерок на бронзена двопетлеста фибула со нога во форма на т.н. "Беотски штит". Идентичните примероци на фибулите од Дедели, јасно укажуваат дека биле во употреба подеднакво и кај машката и кај женската популација (гроб 13 со типичен женски накит, а во гроб 27 со атрибути на машки покојник), и дека се датирани од крајот на VII до почетокот на VI век пр.н.е. Истиот став во однос на наодите на овој тип на фибули од Долновардарската група, зазема и Д. Хејлман, која во својата типо-хронолошка анализа, фибулата ја класифицира како *Варијанта 2*, согласувајќи се со претходно усвоената датација.[31]

Целиот овој осврт кон новооткриените гробни конструкции на некрополата Милци, односно кон гробните целини во кои се евидентирани приме-

[23] Георгиев З. 1982, 99.

[24] Митревски Д., 1991, 67.

[25] Георгиев З. 1982, 99.

[26] Хусеновски Б. 2005, Т. III/6.

[27] Необјавени наоди.

[28] Митревски Д. 1991, 66, 67.

[29] Георгиев З. 1982, 107.

[30] Необјавен наод.

[31] Heilmman D. 2016, 10, Сл.1.

роци на бронзени или железни пинцети, во позадина на остатокот од тоалетната гарнитура или без неа, можеме да ги датираме поблиску до првата половина и средината на VII век пр.н.е.

Овие хронолошки индикатори од соседната некропола Милци, најверојатно ја сугерираат и временската рамка на приложувањето на бронзената пинцета во гроб 14 од Болован. Откриената специфична, бронзена еднопетлеста лачна фибула заедно со неа, генерира и додатни информации за временската рамка на изворното погребување.

**Лачна фибула.** - Откриената фрагментирана еднопетлеста лачна фибула, има монолитна структура, масивен и во средината здебелен лак, висока и тесна плоча која на краевите е украсена со цик-цак бордура (Сл.7/б). Од едната страна, масивното задебелување на лакот со три прстени се надоврзува на плочата/ногата, а од другата повторно, преку три пластични прстени до потенкиот дел од лакот (жица со кружен пресек), кој преку еден јазол продолжува и се трансформира во игла со остар врв. Масивнот здебелен дел од лакот, е орнаментиран со 6 паралелни пластични прстени, кои во однос на него се поставени нормално.

Во инвентарот на некрополите од "гевгелиската" група, овој тип фибули, досега не бил регистриран. Познати примероци од овој тип од грчкиот свет, се претставени во студијата на Блинкенберг[32], и според неговата класификација тие се дел од групата IV, именувани како "островски" (*Types des Iles*). Идентичните примероци со фибулата од гробот-циста 14 од Болован, тој ги поврзал директно со подгрупата на т.н. фибули од "острови на Архипелагот" (*Iles de l'Archipel*). Таков еден примерок е откриен на Родос (Линдос, IV/16-б, сл. 116), и е во директна аналогија со нашата фибула. За фибулите во групите од IV-IX, Блинкенберг нагласува дека најверојатно биле оформени во IX век пр.н.е., својот врв го достигнале во VIII век пр.н.е., што е т.н. "класично" време на грчката фибула, а сѐ уште, без битни измени на обликот, тие се појавуваат и во VII век пр.н.е. Пронаоѓањето на слични примероци во Тракија и Македонија, тој ги дефинира како увоз или како имитација на автентичната форма. Токму такви се откриените примероци во гроб VII и VIII од архајската некропола Филјури (*Φιλιουρι – Μικρο Δουκατο*), во близина на градот Комотини (Западна Тракија), датирани пред VI век пр.н.е.[33] Во однос на изворните грчки фибули од Родос, кои во импозантен број се откриени во храмот на Атена во Линдос, а кои припаѓаат на групата IV, Џ. Н. Колдстрим[34], се изјаснува дека оваа група, била раширена и низ цела источна Грција, а не само на Родос.

Покрај овој примерок, откриен во текот на заштитните ископувања на некрополата Болован, евидентиран е и еден фрагмент (масивен лак) од истиот тип на фибула, кој потекнува од несистематските ископувања на истата некропола.[35] (Сл.7/в).

Фибулите од Болован, кои носат одлики на квалитетна изработка, можат да се споредат со изворните примероци, која во рамки на локалната продукција би била тешко достижна. Овие две лачни фибули од "островски" тип, од подгрупата на т.н. фибули од "острови на Архипелагот", засега се осамени наоди во железнодопските некрополи од гевгелиско-валандовскиот регион. Во однос на нивната појава, може да се каже дека се работи за единствени примероци на "островски" фибули од групата IV, коишто во познатите граници на нивната дистрибуција, досегнале толку далеку на север во времето на нивното датирање.

Со оглед на датирањето на овие два наоди од гроб 14, самото погребување не би можело да се случи, пред првата половина на VII век пр.н.е.

**Гроб 15 -** (Табла II; Сл. 8; Сл. 9; Сл.10/1-13; Сл.13/14-30)

Гроб 15 е правоаголна циста (1.95x0.45 м.), формирана од 6 вертикално поставени камени плочи, ориентирана во правец северозапад-југоисток. Монолитната покривна плоча, е регистрирана на длабочина од 1.50 м., а дното на комората на 2.00 м.

Состојбата во цистата, по подигањето на покривната плоча, покажа дека целата содржина на комората е исполнета со земја, песок и вода (Сл.8). Најверојатно поради тоа, по комплетното нејзино чистење од остеолошкиот материјал, констатирани се само најситни фрагменти. Методот на чистење и документирање кој се практивува кај "сува" гробна комора, во овој случај беше бескорисен. Во овој случај по подигањето на секој прилог одделно, неговата "*in situ*" позиција во комората, директно беше пренесена на цртеж.

Гробот-циста 15 на праксата за двократна употреба на гробна конструкција, најпрво укажа удвоениот број на некои типични прилози од личниот накит и култните бронзи. Собраната група при-

[32] Blinkenberg Chr. 1926, 105, Fig. 116 b.

[33] Τριανταφιλλος Δ. 1983, 200, 201, Εικ.31, 50.

[34] Coldstream J.N. 2003, 233-236.

[35] Заедно со останатиот материјал, отстапен од УЗКН - Скопје (Записник бр.13-602 од 22.03.2007 год.), е депониран во НУ Музеј - Гевгелија (НУМГ 4513).



Сл. 8 - Детал од комора, двојно погребување во гроб-циста 15. (Фото: Б. Хусеновски)

лози во југоисточниот агол на комората (со ситни фрагменти од черепот), покажа дека се работи за редуцирани остатоци од примарното, а остатокот од распоредените наоди низ комората, дека тие припаѓаат на секундарно погребаната индивидуа.

И двете групи наоди потврдуваат дека се работи за богато опремени покојнички, кои го делеле заедничкиот гробен простор. Изразената почит на собирање и групирање на остеолошките остатоци и прилози на примарно погребаната, ја потврдува веќе познатата културна ритуална пракса на редукција на постарите остатоци. И кај двете особи, прилозите можат условно да се поделат во три групи. Во првата спаѓа личниот накит за украсување на вратот и рацете, втората ја сочинуваат култните бронзи, како дел од појасната гарнитура, а третата група е стандардниот комплет на керамички садови. Дел од личниот накит кај двете особи е типолошки идентичен, најверојатно составен од форми на накит, кој бил актуелен и популарен во кусиот временскиот интервал, помеѓу двете погребувања.

Врз основа на интактната позиција на секој од прилозите во комората пресликана на цртеж, креиравме фотографска реплика на распоредот на наодите, како обид за "идеална" реконструкција на инвентарот на двете погребувања (Сл. 9). Можно е некои поединечни наоди или елементи на композитни наоди, во текот на подигањето од комората, или своевремено при редукцијата на инвентарот на примарно погребаната, да биле изместени од нивната изворна позиција.

**Примарно погребување**, (Сл. 10/1-13)

Во содржината на редуцираниот инвентар од примарното погребување, беа откриени следните објекти:

1. Рамна игла со вретенеста (јајцевидна) глава од железо; 2. Пар спирални обетки; 3. Торквес од масивна, тордирана жица со завиткани (волутни) краеви; 4. Ѓердан од биконусни мониста; 5. Пар спирални белезици со кружен пресек на жицата; 6. Пар масивни белезици со префрлени - здебелени краеви со ромбоиден пресек; 7. Пробиен појас и 7а. бронзен трн/игла; 8. Салтелеони (фрагментирани); 9. Култна чашка; 10. Ажурирано конвексно копче; 11. Ажурирано биконусно монисто; 12. Валчесто монисто со прстени и 13. Нож од железо. Сите метални предмети наведени во списокот се изработени од бронза, освен ако не е наведено поинаку.

Прилозите со јасни типолошки и хронолошки експонирани одлики имаат референтна улога во одредувањето на временската рамка на погребувањето.

**Игла** - Единечната рамна игла од железо е откриена во значително кородирана состојба. Степенот на корозија е толку висок, што обидот за прецизно дефинирање на типот на иглата е несигурен, иако според зачуваните делови на главата, таа може да се поистовети со оние кои имаат неправилна вретенаста или овоидна форма (Сл. 10/1). Другата идентична игла, која потекнува од интактниот гроб-циста 23 (Сл. 20/1), укажува дека овие игли од засега "неодреден" тип[36], биле чест елемент во тоалетниот сет на жените од локалната популација. Единствена, ограничена аналогија со обликот на главата, постои со бронзената игла од гроб 76 од доцно бронзенодопската некропола - Димов Гроб.[37]

Со оглед дека не откривме, рефрентни типолошки паралели со иглите од Болован, нивното датирање ќе го подредиме на општата временска рамка на погребувањата во гроб 15 и 23.

**Обетки** - Во железнодопските некрополи од Долно Повардарје, најчест тип обетки во гарнитурата на накититот за глава на женските особи, без разлика на нивниот социјален статус, е моделот

---

[36] Нема директни паралели во одбраниот материјал - Vasić R. 2003, T. XIX-T. XXXVI.

[37] Видески З. 2022, 223, Т. XLIV/2.



Сл. 9 - Идеална реконструкција на позицијата на прилозите во гроб-циста 15. (Фото: Б. Хусеновски)

од спирално навиена бронзена жица (Сл.10/2). Не е невообичаено, бронзените спирални обетки да се сретнат и помеѓу гробните прилози на најбогато опремените покојнички, како што е случајот со единечниот примерок од гроб 111[38] и гроб 150[39] пронајдени на некрополата Милци. Во контекст на откриените гробни целини од истата некропола, сребрени примероци на обетки, регистрирани се во гроботот-циста 77[40], а златни во гроботот-јама 98 и гроботот-могилка (јама ?) 108.[41]

Според резултатите од истражувањата на З. Георгиев, тој посочува дека појавата на бронзените спирални обетки можеме да ја следиме во континуитет, преку наодите од Вергина, датирани во X век пр.н.е., и помладите примероци од Чаушица, датирани во VII век пр.н.е.[42], како и идентично датираните обетки од Сува Река и Дедели.[43] Во рамки на некрополата Милци, пар бронзени спирални обетки, откриени во гроб-циста 101, според останатите гробни прилози, се датирани во VI-V век пр.н.е.[44], што е воедно и нивна најкасна појава во рамките на оваа железнодопска некропола. Спиралните обетки со истакнатите аналогии од другите некрополи, нивната честа и долготрајна употреба без промени на обликот, покажува дека тие, не се хронолошки самостојно осетливи наоди, туку ги следат временските индикатори на референтните наоди во рамките на една гробна целина.

Помеѓу наодите од двете погребани особи, се откриени вкупно 3 бронзени, тордирани торквеси (Сл. 10/3; Сл. 13/14).

**Торквес** - Во гарнитурата на примарно погребаната жена, бил приложен еден торквес, излеан од дебела бронзена прачка, кој во долната половина на телото (лакот) е тордиран, а кон завитканите волутни краеви со Т-алка, површината е мазна. Идентични наоди се откриени во Дедели, еден примерок во гроботот-циста 25 (заедно со спирални и белезици со префрлени краеви), а вториот во гроботот-циста 50. И двата припаѓаат на раните гробови-цисти од VII век пр.н.е.[45], а со иста датација потекнуваат и двата примероци од некрополата Сува Река.[46] Што се однесува до евидентираните бронзени тордирани торквеси од некрополата Милци[47], во четири интактни гробни целини (77, 134, 172 и 187) се откриени вкупно 6 идентични примероци. Сите се дел од личниот накит на четири инхумирани женски особи и тоа во контекст на хронолошки дефиниран инвентар кој припаѓа на раниот VII, односно првата половина на VII век пр.н.е.

Аналогиите се видливи и на Југ, во пошироките граници на истиот културен простор. Најстарите примероци се документирани во тумуларните погребувања во Вергина[48], а по нив следат и помладите примероци откриени во Бојмица ("*Гроб откриен на 21-ви јуни*")[49], датиран во втора половина од VII век пр.н.е., примерокот од Тумул 8 од некрополата Неа Зои Алмопија и торквесот од гроботот 948 од некрополата кај Неа Филаделфија[50], датирани во втора половина од VII век пр.н.е. Торквесот од гроботот 948 од Неа Филаделфија, е идентичен со откриениот примерок од постарото погребување во гроботот-циста 15 од Болован, каде исто така се појавува, заедно со мала кружна плоча, што е уште еден аргумент во прилог на неговото датирање во втората половина од VII век пр.н.е.

Идентични примероци на торквеси се распространети и кон север, како што се откриените прилози во Тумул 2 на Хисар-Широко покрај патот Сува Река - Призрен[51] (Косово и Метохија), заедно со одделни примероци на кружни плочи, датирани во глобални рамки на Железно време II (според М. Гарашанин), односно Ha C.

**Ѓердан** - Меѓу погребната опрема на женските индивидуи, ѓерданот од бронзени биконусни мониста е често присутен и популарен дел од личниот накит. Во контекст на примарното погребување, ниска од 7 еднообразни куси биконусни мониста, била поставена околу вратот на покојничката (Сл. 10/4). Во еден друг случај, во гроб 1 од некрополата Сува Река кај Гевгелија, долгиот ѓердан од биконусни бронзени мониста, поставен околу половината на покојничката бил искористен во функција на појасна гарнитура.[52]

---

38 Хусеновски Б. 2018, Кат. бр.1.

39 Трудот за богатиот гроб-циста 150 е во припрема.

40 Необјавен наод.

41 Необјавен наод од гроб 77. За наодите од гроб 108 трудот е во печат.

42 Георгиев З. 1983, 67 (со наведената литература).

43 Пашиќ Р. 1978, 21-28; Пашиќ Р. 1983, 57-64; Митревски Д., 1991, Т. IV/3, Т. VI/6, Т. VII/5 и др.

44 Хусеновски Б. 2018 - види забелешка во текстот бр. 13.

45 Пашиќ Р. 1983, 57-64, Т.III/3; Митревски Д., 1991, 63, Т. VII/6, Т. XIII/6.

46 Видески З. 2003, 58, Сл. 240, 241.

47 Необјавени наоди од некрополата Милци.

48 Bräunuing A., Killian-Dirlmeier I. 2013, Abb. 95, 134, 138, 146, 199.

49 Rey L.1932, 40-61, Fig. 9.

50 Chrysostomou A. 2011, 170-173, Fig. 76/3; 181,182, Fig. 85/1.

51 Slavković-Đurić N. 1965, 537-555, T. III/4.

52 Пашиќ Р. 1977, 43, Сл. 5.




Сл. 10 - Гробни прилози од примарното погребување во гроб-циста 15. (Фото: Б. Хусеновски)

Такви примероци, и тоа во форма на композитно уредени ѓердани, се откриени во јасен археолошки контекст во Сува Река[53], Каракуш[54], во гроб 18 од Бишов Јавор[55] и во гробовите 126 и 150 од Милци.[56] Нивната појава во категоријата на поединечни наоди во гробен или вонгробен контекст е далеку почеста и многубројна.

Начелно, кусите мониста со остро спуштени биконусни страни, Бузек ги класифицирал во групата Ц (*Group C*), а со варијантата Олинт X, тип I (*Olynthus X, type I*), нашите мониста, заедно со типичните наоди од Аксиокастрон и Чаушица[57], датирани во крајот на VIII и раниот VII век пр.н.е., ги делат истите одлики.

Едноставните куси, биконусни мониста со правилен облик се среќаваат во одредени контексти датирани во IX век пр.н.е., а можеби и порано во X век пр.н.е. Нивната појава, како што сугерира Ј. Бузек, најверојатно треба да се поврзе со идентичните биконусни мониста од злато и камен од Микена. Натаму нагласува, дека нивна широка распространетост е регистрирана помеѓу македонските бронзи од VIII, VII и ран VI век пр.н.е., па дури и помеѓу наодите од некои од куќите од Олинт, датирани помеѓу 430-348 год. пр.н.е.[58]

**Спирални белезици** - Откриениот пар спирални белезици на примарно погребаната особа, има рамномерно и кусо цилиндрично тело со 8 навои, изработено од дебела бронзена жица со неправилен кружен пресек (Сл.10/5). Краевите на белезиците, се украсени со врежани снопови од вертикални цртки. Потполно идентичен пар, е регистриран и помеѓу прилозите на секундарно погребаната особа.

Во контекст на аналогиите на торквесот од примарното погребување во гробот-циста 15 и торквесот од "*Гроб откриен на 21-ви јуни*" од Бојмица, постојат аналогии и со идентичните спирални белезици откриени во двата гроба. Типолошки еднообразни спирални белезици, се документирани и помеѓу гробните прилози од гроб 25 од Дедели[59], во позадина на идентичниот торквес и белезиците со префрлени краеви. Од истиот културен простор, потекнува и откриениот пар белезици во гробот 359 од некрополата Лисичин Дол, датиран во VII век пр.н.е.[60] Присуството на овие популарни модели на спирални белезици, често е присутно помеѓу разновидните форми на личен накит од "гевгелиската" група некрополи, каков што е примерокот во гроб 28 од Сува Река[61], и во гробовите-цисти 121, 126, 134 и 214 од некрополата Милци.[62]

**Белезици со префрлени краеви** - Овој пар на белезици се изработени од масивни бронзени, ромбоидни прачки со видно здебелување на краевите (Сл.10/6). Двете надворешни страни од телото, се украсени со сплет на врежани вертикални црти и коси ромбоидни рамки, помеѓу кои се наоѓаат две хоризонтални низи од по пет концентрични кругови со точка во центарот. Следејќи ја погребната пракса на украсување на телото на покојничките, вообичаен е моделот, кадешто спиралните белезици поставени под лактите, се комбинираат со белезици со префрлени краеви, поставени на надлактицата. Ваков стандард на украсување на рацете, е забележен кај покојничката во гроб 111 од Милци, односно "Дамата" од Милци, датиран во првата половина на VII век пр.н.е.[63], како и кај пајонската свештеничка во гроб 15 од Лисичин Дол, датиран во VII-VI век пр.н.е.[64] Во овој период е чест манирот на украсување на површината на накитот и култните бронзи со концентрични кругови со точка. Идентичен концепт на украсување на белезиците со префрлени краеви од Болован, е документирана и кај раскошните белезици од типот "Јањево", во гробовите V5/b, V46 и V59 од тумуларната некропола Куч и Зи во Албанија, датирана во VIII-VII век пр.н.е.[65] Нивната дистрибуција и употреба, е регистрирана и преку случајно откриените два пара белезици од некрополата Каракуш[66], како и преку примерокот од Сува Река, датиран во VII век пр.н.е.[67] Нивната појава во границите на јужното Долно Повардарје, е регистрирана во групата на разновидни наоди без јасен археолошки контекст, откриена во подрачјето на Каратодореиха (*Καραθοδωρέιχα*), чие датирање, заради присутноста на хетероген археолошки материјал, е

[53] Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, Сл.65.

[54] Три идентични ѓердани од запленетиот материјал од некрополата Каракуш (Решение за споменик на култура бр. 08-224/4 од 30.12.2003), отстапен е од страна на РЗЗСК - Скопје на НУ Музеј - Гевгелија.

[55] Необјавени наоди.

[56] Необјавен наод.

[57] Bouzek J. 1973, Fig. 29/7 - Аксиокастрон; Fig. 29/5,11,12 - Чаушица.

[58] Bouzek J.1973, 101, 103.

[59] Митревски Д., 1991, Т. VII/3, 4, 6.

[60] Папазовска А. 2019, 27-31, Кат. бр. 47.

[61] Пашиќ Р. 1978, 21-52, Сл. 9/а-б.

[62] Необјавени наоди.

[63] Хусеновски Б. 2018, 105-107, Кат. бр.4.

[64] Митревски Д. 1999, Т. II/3.

[65] Andrea Zh. 1976, 165-233, T. II, T. VIII и T. IX.

[66] Депонирани во НУ Музеј - Гевгелија (НУМГ 4246/4247 и 4913/4194).

[67] Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, Сл. 41.



Сл. 11 - Бронзена тока и “игла/трн” од пробиениот појас (гроб-циста 15). (Фото: Б. Хусеновски)

поставено во широк интервал помеѓу VIII-V век пр.н.е.[68] Слично орнаментирани белезици со префрлени краеви, (во овој случај комбинирани со бронзени торквеси), се забележани и кај погребаната особа со богат инвентар во гробот-питос бр. 5 од Бојмица (*Αξιούπολης*).[69] Во соседната некропола Чаушица, во гробовите на групата Б (*Group B*), се откриени две слични масивни белезици со префрлени краеви, кои во контекст на останатите наоди, авторката М. Мајтланд, потпирајќи се на хронологијата на Ј. Бузек, ги датира во средината на VIII век пр.н.е.[70]

Индикативно е што меѓу инвентарот на секундарно погребаната индивидуа од истиот гроб-циста 15, отсуствуваат белезици со префрлени краеви како дел од репертоарот на личниот накит. Факт е дека истиот тип на белезици со идентична орнаментика, ќе продолжи да се јавува и кај подоцнежните погребувања од крајот на VII и почеток на VI век пр.н.е., што го потврдуваат и наодите од некрополата Архонтико кај Пела.[71]

Техниката на украсување со врежување на концентрични кругови со точка во центарот, како популарен манир се појавува и на ажурираниот појас, приложен покрај истата покојничка.

**Пробиен појас** - Откритието на овој појас во интегрална состојба (Сл. 10/7, 7а), за разлика од многу други, познати само по одделните елементи, е вистинска реткост. Составен е од пет бронзени ажурирани елементи (трите внатрешни во форма на правоаголник), а крајните во форма на трапез. На челниот сегмент, е додадена кружна алка, низ која се провлекувала врвка или ремен и се зацврстувал за нејзиниот друг крај. Со оглед на споменатите околности при вадењето на движните наоди, веруваме дека и откриениот бронзен трн/игла (Сл. 11), непосредно залепен за челниот сегмент, бил мобилен елемент со чија помош, врвката/ременот биле прицврстувани за кружната алка. Сите пет сегменти на композитниот појас се масивни ажурирани елементи, излеани во техника на “истечен восок” (*Cire perdue*). На аверсот од трите внатрешни правоаголни елементи, се поставени композиции од по две вертикални низи на перфорирани триаголници, комбинирани со по две крстесто перфорирани кружни плочки и по седум, вертикално поставени редови на врежани концентрични кругови со точка во центарот. Крајните трапезоидни елементи ја поседуваат истата орнаментика, во овој случај прилагодена на нивната форма. Задните страни на елементите завршуваат со по две правоаголни алки, низ кои се провлекувала врвката или ременот. Сите споменати геометриски слики на површините на аверсот и реверсот од овој појас (врежани или перфорирани), ја носат во себе симболиката на соларниот култ.

Според досегашниот увид во јужните балкански простори, ажурираните појасни гарнитури или т.н. пробиени појаси, се прилично ретки, при

[68] Σαββοπουλου Θ. 1994, 253-261, Eix. 5. Разновидните археолошки наоди потекнуват од нелегалните ископувања на Понтоираклеа и Поликастро од префектурата Килкис.

[69] Σαββοπουλου Θ. 2007, 605-624, Eiκ. 15.

[70] Maitland M. 2017, 204-225, Fig. 9-5, A-B.

[71] Λιλιμπάκη-Ακαμάτη/Ακαμάτης Μ. Ι/Χρυσοστόμου Α./Χρυσοστόμου Π. 2011, 303.

што за нивно матично подрачје се смета просторот помеѓу реките Велика Морава (Србија), Искар (Бугарија) како и делови од Романија, на запад реката Сава и Доња Долина (Босна и Херцеговина), а на југ Косово и Метохија и Република Македонија. На нивната појава и дисперзија на овој широк простор во рамки на северниот Балкан им посветил особено внимание Р. Васиќ.[72] Комплетен преглед на досега откриените примероци во рамките на споменатиот простор дава и Н. Чаусидис[73], меѓу кои во оваа прилика ќе ги споменеме оној од Вртиште[74], од Карагач, датиран во VI-V век пр.н.е.[75], од Видин[76] и од гробот во Софрониево, датиран во VII век пр.н.е.[77] Тука треба да ги наведат и откриените три елементи од пробиениот појас, откриени во могилата кај с. Дебнево-Тројанско во Бугарија, датирани во VII-VI век пр.н.е.[78]

Инвентарот на ажурираните појасни гарнитури на нашиот простор е скромен и се состои главно од ретки наоди на поединечни елементи, какви што се откриените сегменти од: Дубиче - Волково[79]; еден елемент од неопределена некропола од Источниот или Северо-источните региони на Република Македонија[80], датиран во VI век пр.н.е.; еден елемент од локалитетот Ореово кај с. Лески - Виница[81]; два сегменти од збирката на музејот Бенаки во Атина, кои Р. Васиќ, според наводите на Макридис, ги публикува како наоди од (Титов) Велес и ги датира на преминот од VII кон VI век пр.н.е.[82], и еден елемент од гроб 71 од Дедели, поврзан со последната фаза на погребувањата во Мелезник, исто така датиран во VII-VI век пр.н.е.[83]

**Салталеони** - Непосредно до позицијата на пробиениот појас, беа откриени и извадени бројни фрагменти на салтелеони (Сл. 10/8), кои во интактни гробни целини, често се откривани на различни позиции, а веројатно и со различна намена. Најчесто, заради отсуството на прецизен археолошки контекст, третирани се во својство на случајни наоди без строго одредена намена. Што се однесува на дијапазонот на нивната употреба, во две затворени гробни целини (гробот-циста 107 и 187) од некрополата Милци, кои припаѓале на две женски индивидуи, биле ползувани како украси за коса, нанижани на нивните прамени или плетенки. Во случајот со гроб-циста 10 од некрополата Бишов Јавор[84], монолитната конструкција на салтелеонот била поставена околу половината на погребаното девојче, очигледно во функција на појас. Употребата на едноставна појасна гарнитура, долг салтелеон без вообичаени додатни композитни висулци и приврзоци, може да се протолкува како одлика на половата незрелост и нискиот социјален статус на погребаната, условена од нејзината прерана смрт. Индиции за слична функција на салтелеонот, може да се препознае и кај веќе посочениот гроб 71 од Дедели.[85] И во таа гробна целина, идентично како и кај гробот-циста 15 од Болован, салталеоните се откриени во комбинација со елемент од пробиен појас. Групата фрагментирани салтелеони, приложена непосредно до пробиениот појас, најверојатно укажува дека и во овој случај, тие заедно биле конструктивен дел од комплетната појасна гарнитура, како што тоа може јасно да се види од елементот на ажурираниот појас, комбиниран со четири елементи на салталеони, откриен во Доња Долина.[86]

**Култна чашка** - Не е исклучено дека во изворниот погребен контекст на оваа комплексна појасна гарнитура била вклучена и бронзената култна чашка (Сл. 10/9), која можеби била прицврстена на неа преку бронзените салталеони и тоа како нејзин интегрален дел.

И кај двете погребувања култните чашки го заземаат централното место на појасната гарнитура, а нивната веќе дефинирана функција ги експонира во улога на главен култен инструмент. Сите други елементи, прикачени на двете појасни гарнитури, можат да се протолкуват како симболи на култот. Некои истражувачи, (меѓу другите и Р. Васиќ), позицијата на чашките во гробните комори, ја поврзуваат со нивната функција на приврзоци-амулети, обесени околу вратот на сопственикот.[87]

---

[72] Vasić R. 1971a, 1-15.

[73] Чаусидис Н. 2017, 781-799, Т. Е1, Е2 и Е3.

[74] Bouzek J. 1974, Fig. 16/12.

[75] Тасић Н. 1998, Кат. бр. 165.

[76] Gergova D. 1980, T. III/1.

[77] Gergova D. 1980, T. I/1.

[78] Милчев Ат. 1958, Т. IX/Сл. 1.

[79] Санев В., и др. 1976, 59, Кат. бр. 617.

[80] Крстевски Ц., Соколовска В. 2005, 74, Сл. 14; Видески 2003, Сл. 224.

[81] Митревски Д. 1988 а, 63, Т. I/5.

[82] Васић Р. 1974, 226, Т. II/2,3.

[83] Митревски Д. 1991, Т. XVIII/3; Видески 2003, 226.

[84] Необјавен наод.

[85] Митревски Д. 1991, Т. XVIII/5, 11.

[86] Васић Р. 1986, 6, Сл. 4; Чаусидис Н. 2017, 785, Е2/6.

[87] Васић Р. 1974, 220.

Бронзените култни чашки се релативно чести наоди во инвентарот на инхумирано погребаните индивидуи во некрополите од железно време во Албанија, Грција и Македонија.[88] Обработениот фонд на типолошки развиените примероци на чашките или "пиксиди со протоми на капаците", од поширокиот регион на Балканот, како што ги именувал Ј. Бузек, се датира помеѓу VIII и VI век пр.н.е.[89] Во границите на гевгелиско-валандовскиот и поширокиот регион на Долното Повардарје, култните чашки се исклучиво дел од гробните прилози на женски особи, кои имале нагласена улога во култните обичаи.

Теренската слика од некрополата Милци, го потврдува истиот заклучок, дека овој тип на култни чашки се појавува паралелно во гробови-јами и во гробови-цисти во кои се погребани статусно диференцирани женски особи.[90] За регистрираните култни чашки од гевгелиско-валандовскиот регион, веќе е објавен детален преглед.[91]

Во инвентарот на двете погребувања во гроб 15, биле приложени две идентични култни чашки од исти тип. Се работи за чашки со поголеми димензии, чиј овален реципиент е структурно нагласен. Бочно од двете страни на неговиот отвор се поставени пар стилизирани птичии протоми, идентично како и на двата краја од капакот. Од дното на стомакот, кое завршува со пластичен концентричен прстен, се надоврзува стопа т.е. нога во облик на стилизирана "*птичија опашка*"(?). Според други толкувања, стопата е препознаена како форма на "*стилизирана палмета*"[92] или на "*пиксида со решеткаста потставка*".[93] Според Р. Васиќ, овој тип култни чашки[94], претставува дел од IV-та категорија на култни чашки, датирани во средина или почеток на втора половина на VII век пр.н.е. Според единствениот наведен примерок од Радање-Криви Дол, Ј. Бузек истиот тип чашки го класифицира во групата Б2 (*Group B2*), а наодите од неа ги датира во VII век пр.н.е.[95] На оваа група ретки чашки со нагласена китнеста нога, се вбројуваат, покрај споменатиот примерок од Радање - Криви Дол[96] и следните: чашката од гроб 357 од Лисичин Дол, датирана во крај на VII век пр.н.е.[97]; два примероци од музејот Бенаки во Атина[98], датирани во средината или почетокот на втората половина на VII век пр.н.е., за чија можна провениенција постојат назнаки во еден труд на Б. Алексова[99]; чашката откриена на некрополата Сува Река од Гевгелија[100], датирана во VII век пр.н.е., и еден примерок на чашка од гробот-јама 18 од некрополата Бишов Јавор[101], кај с. Смоквица - Гевгелија, најверојатно од средината на VII век пр.н.е. Култните чашки од Болован, Радање - Криви Дол, Сува Река, Лисичин Дол и Бишов Јавор се откриени во јасен археолошки контекст и вреднувани според останатите хронолошки индикативни наоди, пронајдени во затворени гробни целини. Според бројноста на откриените примероци, констатираме дека нивна најголема употреба засега треба да се поврзе со просторот на реката Брегалница и Долното Повардарје. Сите чашки, освен примероците од Радање - Криви Дол и Бе-

[88] Васић Р. 1974, 220, 221.

[89] Bouzek J. 1973, 24-38.

[90] Сите пет примероци според класификацијата на Ј. Бузек, припаѓаат на постарите типови од групата А (Groupe A). Четири примероци потекнуваат од гробови-јами, а еден од гроб-циста.

[91] Хусеновски Б. 2017, 42-44.

[92] Васић Р. 1974, 225.

[93] Kilian-Dirlmeier I. 1979, 239.

[94] Васић Р. 1974, 226.

[95] Bouzek J. 1973, 31, Fig. 7/5.

[96] Гарашанин М.-Гарашанин Д. 1959, 25, Сл. 61.; Вукмановић М.-Радојчић Н. 1995, Сл. 116., авторите за наведената култна чашка (во Народен Музеј од Белград, заведена е под инв.бр.14.441,), се изјасниле дека нејзиното потекло е од непознато наоѓалиште (Кратово?), додека во понудените типолошки аналогии, истите автори упатуваат на споменатата статија на Милутин и Драга Гарашанин, каде истражувачите јасно укажуваат дека објектот е откриен на некрополата Радање - Криви Дол. Во трудот на (Kilian-Dirlmeier I. 1979., Т. 89/1640), се наведува исто така, дека предметот потекнува од непознато наоѓалиште.

[97] Папазовска А. 2019, Кат. бр. 33.

[98] Васић Р. 1974, 225, Т. I/19, Т. II/1; Според донаторот Т. Макридис, предметите за кои тврдел дека потекнуваат од (Титов) Велес, а своевремено ги предал на музејот Бенаки во Атина, нивната изворна локација е сé уште непозната.

[99] Алексова Б. 1954, 54-57.

[100] Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, Сл. 48., (потекнува од ископувањата на Сува Река во 1977/78 год.).

[101] Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, Сл. 55. За потребите на изведбата на Постојаната археолошка поставка на НУМГ во 2001 год., д-р Пере Тошев се појави во улога на автор на проектот за конзервација на металните наоди. Помеѓу нив се наоѓаше и култна чашка од гробот-јама 18 од Бишов Јавор со изворно зачувана содржина во реципиентот (НУМГ 3099). Според резултатите на хемиската анализа, авторот во неа, покрај наслаги на земја, открил и траги од карбонизирани алкалоиди од афион, односно морфин ("катран"). Во позадина на претходно добиените резултати од анализата на други чашки, во кои се откриени алкалоиди во изворна состојба, во реципиентот на оваа "голема" чашка, алкалоидната маса, била горена т.е. палена.




Сл. 12 - “Валчести монисти со прстени”, Болован - сл. 12/а; Милци - сл. 12/б; Вардарски Рид - сл. 12/в. (Фото: Б. Хусеновски)

наки музејот, се откриени во својот изворен габарит, заедно со капаците.

Во изворниот контекст на типолошки идентичните култни чашки од гробот-циста 15, постојат извесни разлики во конструкцијата и начинот на функционирање (придвижување) на капаците со помош на врвките. Забележлива разлики на капаците од двете погребувања постои во делот на вертикалните дршки и начинот на придвижување, односно фиксирање на капаците. Кај примарното погребување од овој гроб на цилиндричната дршка со мало здебелување на врвот, било насадено биконусно монисто во улога на подвижен регулатор, низ кој со уфрлените врвки се придвижувал капакот. Од друга страна, кај капакот на чашката од секундарното погребување, врвот на монолитната вертикална дршка завршува со перфориран хоризонтален диск, низ чии отвори со помош на врвките, директно била управувана насоката на движењето на капакот.

**Кружно копче** - Во истата група наоди фигурира и едно кружно копче од тенок бронзен лим со конвексна калота на средината, чие тело е пробиено со пет кружни отвори (Сл. 10/10). Неговата позадина е рамна и е без илика за закачување. Не ни се познати директни паралели кои би се однесувале на обликот на овој наод кој оддава впечаток на минијатурна реплика на малата кружна плоча, приложена покрај секундарно погребаната особа во истиот гроб (Сл. 13/19).

**Ажуриран биконусен приврзок** - според основниот тип на конструкција припаѓа на приврзоци од групата наречена “кафези за птици”.[102] (Сл. 10/11). Телото му е биконусно, формирано од два реда решетки составени од по пет вертикални триаголници, кое на половите се затвора со прстенасти отвори. Во недостаток на идентичен приврзок, во оваа прилика укажуваме на одредена сличност на овој примерок со телата (без алки) на приврзоците од Линдос од Родос (*Group B1*) и Чаушица (*Group B2*), датирани во првата половина на VII век пр.н.е.[103] Идентични приврзоци со решеткасто тело, висат како пандантифи на култната чашка од некрополата Сува Река, која е датирана во VII век пр.н.е.[104] Слични наоди се откриени и на некрополата Милци и тоа два примероци во гробот-циста 149[105], во улога на поединечни елементи на композитен приврзок, заедно со парот очилести фибули со “осумка” и приврзокот со алка од гробот-циста 125, идентично датирани во прва половина на VII век пр.н.е.[106]

Ако се земе во предвид датирањето на некои референтни хронолошки елементи од инвентарот на постарото (редуцирано) погребување (пробиениот појас, култната чашка, торквесот и спиралните белезици), кои временски гравитираат кон средината, односно втората половина на VII век пр.н.е., тогаш и ажурираниот биконусен приврзок, најверојатно припаѓа на истата временска рамка.

Следниот наод, спаѓа исто така во групата на ситни наоди, кои вообичаено се закачени на појасите како дел од композитни целини или се поставени на облеката како поединечни украсни или утилитарни елементи.

[102] Bouzek J. 1973, 60-75.

[103] Bouzek J. 1973, Fig. 18/2, 5.

[104] Видески З. 2003, 130; Митревски Д. 1988 б, 88.

[105] Необјавен наод.

[106] Хусеновски Б. 2017, 44, T. III/10

“**Валчесто монисто со прстени**” - Бронзениот предмет претставен на (Сл. 10/12; Сл. 12/а), според обликот асоцира на масивните висулци од типот “макари”, какви што се откриени во Брazда - Скопје[107], околината на Куманово[108], како и идентичниот објект именуван како „приврзок“ откриен во Тумул I (гроб 1) во Сува Река - Широко, датиран во VII-VI век пр.н.е.[109] Последниот од наведените примероци, Ј. Бузек го класифицира во многубројната и разновидна група на мониста, и конкретно го вклучува во групата И (*Group I*) - “*Валчести мониsти со прстени*”.[110]

На откриениот објект од некрополата Болован, за разлика од претходно споменатите, на перфорираното двочлено валчесто тело (5.5x2.3см.), се поставени само три истоветни дискови. Токму такви идентични по форма наоди, но со помали димензии се откриени во гробот-јама 99 од Милци.[111] (Сл. 12/б), како и еден примерок од железнодопската населба на Вардарски Рид.[112] (Сл. 12/в).

**Нож** - Како последен евидентиран наод од групата редуцирани прилози на примарно погребаната особа, е документиран и еден мал железен нож. Припаѓа на обликот со еднострано сечило извиено кон надворешната страна, кој е често присутен кај женските гробови во Долното Повардарје (Сл. 10/13). Можеби токму овој тип на ножеви, често присутни во инвентарот на женските индивидуи, бил користен како основна алатка за ритуално зарежување на чашките на опиумскиот афион.

**Секундарно погребување**, (Сл. 13/14-30)

По повторното отворање на гробот-циста 15, склететот и опремата на првопогребаната особа биле собрани и преместени во југо/западната половина на комората, покрај стапалата на новата покојничка, чие тело во анатомски ред било положено на грб. Видливата временска дистанца помеѓу погребувањата на двете особи, дава увид во сличностите и разликите во изборот на прилозите на нивните погребни опреми.[113] Остеолошките остатоци во траги и гробните прилози од двете погребувања, заради затекнатите физички услови во комората[114], не беа подигнати со стандардна метода.

Во содржината на погребната опрема на секундарно погребаната женска особа, се регистрирани следните наоди: 14. Два торквеси од тордирана жица со зашилени врвови; 15. Ѓердан; 16. Пар спирални белезици со кружен пресек; 17. Појас од калотни копчиња; 18. Култна чашка; 19. Мала кружна плоча со тока; 20. Приврзок - бокалче; 21. Приврзок - птица; 22. Долго биконусно монисто; 23. Композитен висулец; 24. Висулци; 25. Висулец со триаголна алка; 26. Висулец - ажурирана сфера; 27. Ажурирано топчесто монисто; 28. Биконусно монисто; 29. Шолја со две вертикални рачки и 30. Бокал со засечен врат.

**Торквеси** - Гарнитурата на накитот за вратот ја сочинува пар идентични торквеси. Тие се изработени од тенки бронзени прачки со густо тордирани лакови и мазни завршетоци со заострени врвови (Сл. 13/14). Во рамки на кусата временска разлика меѓу двете погребувања, присутноста на двата типа торквеси со волутна Т-алка (кај примарното погребување), и со заострени врвови (кај секундарното), потврдува дека биле во паралелна употреба. Уште еден пример на нивна паралелна употреба е откриен кај инхумиранаta покојничка во еднократно употребениот гроб-циста 77 од Милци.[115] Утврдената аналогија на торквесот од примарно погребаната единка, во целост е истоветна и за секундарно приложениот пар.

**Ѓердан** - Вториот елемент на украсната гарнитура околу вратот го претставува ѓерданот од бронзени биконусни мониста (Сл. 13/15). Се работи за ниска, компонирана од пет едноставни куси биконусни мониста, едно долго биконусно монисто со прстенести венци на отворите и еден ажуриран висулец од типот “кафез за птици”. Дел од истиот композитен ѓердан, веројатно во изворниот погребен контекст, било и кусото биконусно монисто, кое се појавува како поединечен наод во истиот инвентар (Сл. 13/28). Идентичен е случајот и со долгото биконусно монисто со прстенести отвори, обесено на ѓерданот, како и вториот примерок кој фигурира како поединечен наод (Сл. 13/22). Со оглед на тоа што и двата ѓердани се идентични и откриени во ист контекст, тие ги делат и сите стилско-хронолошки одлики, споменати во однос на постариот примерок.

Во контекст на појавата на посебните елементи на ѓерданот, обата примероци, долгото биконусно монисто и ажурираниот висулец се одли-

[107] Санев В. и др. 1976, 60, Кат. бр. 621.

[108] Георгиев З. 1978, 70, Т. I/2.

[109] Slavković-Đurić N. 1965, 544, T. II/7.

[110] Bouzek J. 1973, 117, Fig. 36/11.

[111] Необјавен наод.

[112] Објектот е депониран во НУ Музеј - Гевгелија (НУМГ 4379).

[113] Фондот на предметите од двете погребувања, интегрално се прикажани на Сл. 10 и 13.

[114] Целата содржина на комората, беше исполнета со земја, песок и вода.

[115] Необјавен наод.




Сл. 13 - Гробни прилози од секундарното погребување во гроб-циста 15. (Фото: Б. Хусеновски)

куваат со специфични обележја кои се однесуваат на датирањето на нивната појава и натамошна дистрибуција.

Кусите и долгите биконусни мониста, се широко распространети во регионите на Балканот, Италија и Кавказ, при што нивната морфолошка разновидност, големина и бројност е посебно изразена во Македонија. Во најблискиот круг на некрополата Болован, кај соседните железнодопски некрополи, такви долги биконусни мониста, се регистрирани во гроб 18 од Лисичин Дол[116], еден примерок од Сува Река, долгото монисто од гроб 48 од Милци, еден примерок од неодредено наоѓалиште од Гевгелиско-валандовскиот регион, едно монисто од некрополата Дедели[117], и примерокот од необјавениот гроб 174 од Милци[118], сите идентично датирани во VII-VI век пр.н.е. Во контекст на групата со слични карактеристики припаѓаат и трите примероци, приложени покрај покојничката со висок социјален статус, која во VII-VI век пр.н.е., била погребана во гроб 357 од Лисичин Дол.[119]

Во границите на поширокиот регион долгите биконусни мониста се потврдени во Потидаја и во Тефик-беј блиску до Чифлик кај Серес, кои во класификацијата на Ј. Бузек, се означени како варијанта - *Олинт X, тип IIIa и IIIб* на групата - Ф (*Group F*).[120]

Вториот специфичен елемент на ѓерданот е ажурираниот висулец од типот "кафез за птици". Има мало по димензии, ажурирано топчесто тело со вертикални засеци и прстенест отвор на дното, чија што куса вертикална дршка завршува со алка (Сл. 13/15). Како втора варијанта на висулецот, во исти контекст се појавува и примерокот со ажурирано тело без отвор на дното (Сл. 13/26).

Овој тип висулци наречени "кафези за птици" со отвор на дното на телото, е класифициран во групата А (*Group A*), а нивната појава, заедно со примероците од групата Б (*Group B*), се врзуваат со средината на VIII век пр.н.е., најголемата популарност со првата половина на VII век пр.н.е., а нивна континуирана употреба на периферијата на северните области, е констатирана и во втората половина на VII век пр.н.е. Идентичниот примерок откриен во гроб - BM D од Чаушица, Ј. Бузек го датирал ок. 700 год. пр.н.е.[121], ги споделува сите типолошки и физички карактеристики со висулецот на ѓерданот од предметниот гроб.

Истиот тип висулци со прстенести отвори на дното од телото, се појавуваат и на култната палка во гробот на "Дамата" од Милци. Под горната бронзена оплата на дрвената палка, на дното на поставениот композитен приврзок "*Тркало со висулци*", биле обесени три идентични ажурирани висулци. Покрај нив, во опремата на интактно затекнатата сосотојба во истиот гроб, се појавуваат вкупно 24 идентични ажурирани висулци од двете варијанти. Поставени на различни композитни структури составени од т.н. "македонско-пајонски" бронзи, нивната бројност и стилска хомогеност ќе биде протолкувана како референтна основа за датирањето на погребувањето на "Дамата" од Милци во првата половина на VII век пр.н.е.[122], кога и нивната популарност кулминира. Идентично се датирани и висулците поставени на композитната конфигурација откриена до гроб 59 во Дедели.[123] Од гробот-циста 123 од некрополата Милци, потекнува и поединечниот наод на ажуриран висулец од втората варијанта.[124]

**Белезици** - Пар спирални белезици приложени на рацете на секундарно погребаната особа (Сл. 13/16), се апсолутно идентични со претходно анализираниот примерок на примарно погребаната покојничка (Сл. 10/5). Временскиот интервал помеѓу погребувањето на двете особи, покажува дека во тој период, спиралните белезици со куси навои биле стандарден дел од гробниот инвентар. Аналитичкиот осврт кон вториот пар белезици од секундарното погребување, во целост се совпаѓа со наведената констатација која се однесува на првопогребаната единка.

Во овој период, како чест, па според тоа и традиционален, елемент на женскиот накиот за струкот се востановуваат појасите и тоа не само поради нивната „утилитарна" функција, туку и како украсен елемент. Поставени околу струкот тие ја прицврстувале облеката, а воедно служеле и како носач на бројни амајлии, висулци и приврзоци од опусот на култните "македонско-пајонски" бронзи. Вакви композитни појасни гарнитури изработени од бронза, и особено од ажурирани елементи излиени во техника на "истечен восок" - (*cire perdue*), биле и впечатлив декоративен елемент на облеката на сопственикот. Токму таков е ажурираниот "пробиен" појас од постарото погребување, чии високи уметнички и занаетчиски

116 Видески 1999, 101, T. VIII/13, 14.

117 Видески 2003, Кат. бр. 106, 108, 109 и 111.

118 Необјавен наод.

119 Папазовска А. 2019, 19-26, Кат. бр. 39, 41, 44.

120 Bouzek J. 1973, Fig. 33/13, 18.

121 Bouzek J. 1973, 60, Fig. 18/3.

122 Хусеновски Б. 2018, Кат. бр. 6, 16, 17, 18.

123 Пашиќ Р. 1983, 57-64; Митревски Д. 1991, Т. XVI/12 и Видески З. 2003, 46.

124 Необјавен наод.




Сл. 14 - Дел од композитен појас, бронзена тока - сл.14/а; мала кружна плоча - сл.14/б.
(Фото: Б. Хусеновски)

вредности се испреплетуваат, во секој негов елемент (Сл. 10/7, 7а; Сл. 11).

**Појас од калотни копчиња** - Меѓу опремата на секундарно погребаната индивидуа, исто така е констатиран појас, но со далеку поскромен изглед. Појасот бил формиран од 128 бронзени калотести копчиња, (Сл. 13/17). Тие се еднообразни и по тип и по димензии (0.6 x1.0 см.), при што кај сите, на нивната задна страна е фиксирана масивна, правоаголна илика со кружен отвор во средината.

Веруваме дека сите калотни копчиња, во изворна состојба, најверојатно биле апплицирани на подлога од кожа или ткаенина, можеби на начин, како што е тоа направено со појасот на “свештеничката” од интактната гробна јама 15 од Лисичин Дол, датирана во VII век пр.н.е.[125], кој бил поставен околу нејзиниот струк, и со кој делумно била покриена големата кружна плоча - “пафта”. Комплетната појасна композитна гарнитура и останатите прилози од погребната опрема на единката од овој гроб, потврдија дека се работи за покојничка со висок социјален статус од локалната заедница на праисториската населба, лоцирана на Исар-Марвинци. Во слична ситуација, во интактниот гроб-циста 111 од Милци (гробот на “Дамата” од Милци)[126], датиран во прва половина на VII век пр.н.е., е откриена идентична појасна гарнитура, врз која била закачена бројна и разновидна, бронзена култна пластика.[127]

Во голем број случаи, поединечни наоди на калотни копчиња, биле откриени надвор од археолошкиот контекст, или пак во гробен контекст со нарушен интегритет. Таква ситуација е документирана во гробовите 65/67 од некрополата Милци[128], кои се датирани во VII-VI век пр.н.е. Најверојатно како последица од префрлањето на гробните остатоци и прилози од постариот гроб-циста 65, во новата гробна јама 67 (вкопана во здравица-карпа), идентични калотни копчиња биле регистрирани и во двете комори, а во значително поголем број во секундарно подготвениот гроб 67.

**Композитен појас** - Појасната целина поставена на стомакот на секундарно погребаната особа, составена од мала кружна плоча и бронзена тока (Сл. 13/19; Сл. 14/а, б), кои ја градат втората појасна композитна конфигурација, најверојатно била поставена над појасот од калотни копчиња. Малата кружна плоча е изработена од монолитно парче бронзен лим, чиј задбелен средишен кружен дел е крстесто пробиен со четири симетрично поставени кружни отвори. Од неговиот центар се издига испакнат врв во облик на папок. Предната профилирана страна на плочата е украсена едноставно, со два прстена, врежани кругови со точка, додека задната страна е рамна и без декорација. Покрај утилитарната функција на овој предмет - како дел од појасната гарнитура, тој со својот мошне индикативен облик и врежаната декорација, упатува на неговиот карактер на соларен симбол.

[125] Видески З. 1999, Сл. 4, Т. V.

[126] Хусеновски Б. 2018, Кат. бр. 12.

[127] Хусеновски Б. 2019, 32-47, Сл. 10.

[128] Хусеновски Б. 2005, Сл. 1, Т. I/5.



а.



б.

Сл 15 - Мали кружни плочи, Болован - сл.15/а (случаен наод); Каракуш - сл.15/б.
(Фото: Б. Хусеновски)

Втор идентичен примерок на мала кружна плоча со помали димензии, делумно фрагментирана, доаѓа исто така од некрополата Болован, но како поединечен наод, без археолошки контекст[129] (Сл. 15/а), а со сличен историјат на потеклото е и оштетениот примерок од некрополата Каракуш[130] (Сл. 15/б). Познати се и два наоди од некрополата Дедели, од кои првиот потекнува од гроб 5 (од старите ископувања во 1917 година)[131], а вториот - како случаен наод откриен за време на повеќегодишните систематски археолошки ископувања.[132] Во групата на едноставно украсени мали кружни плочи, спаѓа и наодот од околината на Куманово.[133]

Најблиски паралели со обликот и опусот на украсување на малата кружна плоча од гробот-циста 15 и случајниот наод од некрополата Болован, покажува наодот од Патели, датиран меѓу VII и VI век пр.н.е., и класифициран во групата Б (*Group B*).[134] На ова група наоди, припаѓа и објектот од затворената гробна целина (гроб-циста 948), од некрополата Неа Филаделфија, датиран во втората половина на VII век пр.н.е.[135]

Малите кружни плочи Ј. Бузек ги именувал како испакнувања на штитови ("*shield bosses*"), а сличните со поголеми димензии - како испакнувања на штитови со триаголни отвори ("*shield bosses with triangular openings*"). Блиската формулација на плочите од двата типа, нивната морфолошка сличност, улогата во соларниот култ и погребните манифестации ги прави концептуално поврзани. Паралела на нивната поврзаност според местото на наоѓање, бележиме и во погребната пракса на откриената мала кружна плоча (во предметниот гроб-циста 15 од Болован), и големата кружна плоча од гробот-јама 15 од Лисичин Дол[136], каде идентично, секоја во свој контекст, била позиционирана над стомакот на покојничката. Ј. Бузек исто така ги поврзува и со терминот - украсни тркала ("*Wheel ornaments*").[137] Во таа улога, се појавуват како врежани или насликани декоративни елементи на керамичките вази од некрополата на атинската Агора, а во еден случај таков мотив, верно реплициран бил откриен на фрагмент од амфора од геометрискиот период, датиран во крајот на VIII и во VII век пр.н.е.[138] (Сл. 16).

Богато украсување на аверсната страна на малите плочи, со врежани и шрафирани орнаменти, забележани се и на наодите од некрополите што се протегаат северно од Долно Повардарје, како што

[129] Предметите се запленети од страна на УВР Гевгелија (НУМГ 4356).

[130] Плочата е дел од запленетите предмети од некрополата Каракуш (НУМГ 1257/3920).

[131] Васиħ Р. 1977, 2, Сл. 2/1.

[132] Митревски Д. 1991, 12-14, Сл. 9, Т. XXII/13.

[133] Георгиев З. 1978, Т. II/3.

[134] Bouzek J. 1973, 138, 139, Fig. 43/6.

[135] Misailidou-Despotidou V. 2011, 168, Fig. 85/4.

[136] Митревски Д. 1991, Т. I.

[137] Bouzek J. 1973, Fig. 44/1.

[138] Young S. R. 1975, 181,182, C 136, Fig. 131; Fig. 144/C 136.



Сл. 16 - Декоративен елемент (“Украсно тркало”) на амфора од некрополата на атинска Агора (според: *Young S. R. 1975, Fig. 131.*).

се објектите од Куново Чуки кај Оризари (Кочани)[139], Криви Дол - Радање[140] и случајниот наод од Бразда - Скопје.[141] Покрај манирот на врежување, примероците збогатени со пластично кружно ребро, со единечни или двојни алки од задната страна, се откриени под тумулите на локалитетот Хисар - Широко[142], покрај патот Сува Река - Призрен (Косово и Метохија), и датирани се во VII-VI век пр.н.е. Заедничка појава на две различни појасни структури (мала кружна плоча и пробиени појас), во контекст на една гробна целина, гробот-циста 15 од Болован, во идентичен случај е забележена и далеку на север - помеѓу наодите на фондот документирани прилози на накит и култни бронзи, откриени во Вртиште кај Ниш.[143]

Увид во целокупниот систематизиран фонд на овој тип мали кружни плочи, може да се види во прегледот и коментарите на Н. Чаусидис.[144]

Што се однесува до предметната тока, се работи за композитна целина, составена од кружна и триаголна алка (Сл. 14/а; Сл. 17/а). Идентичен примерок на бронзена тока, е откриен во гробот-јама 99 од Милци (Сл. 17/б). Со слична структура е и единечната појасна тока (дефинирана како приврзок), која потекнува од кнежевската гробница од Пеќка Бања, датирана во VI-V век пр.н.е.[145] (Сл. 17/в). Во истиот културен круг, покрај посочениот наод е и објектот откриен во централниот гроб на Тумул II во Атеница[146], датиран исто така во VI-V век пр.н.е. (Сл. 17/г). Од страна на авторите М. Ѓукниќ, Б. Јовановиќ, тој е препознаен како приврзок, односно дел од приложениот комплет со камениот брус, што може да се смета за симбол на војничкиот авторитет на покојникот. Во прилог на ваквото поврзување на атеничките тумули со гласинечкиот комплекс во еден издвоен дел од гробните инвентари (триаголниот приврзок и брус), дава свој коментира и Р. Васиќ.[147]

Типични примери на идентични токи и нивна адекватна паралела на функцијата, потекнува од гробовите 15 (Сл.17/д) и гробот 34 од Лисичин Дол.[148]

Другата варијанта на ваквите токи ќе биде композициски проширена, и тоа преку додавање кон централната кружна алка на уште еден пробиен триаголен елемент. Во ваква комбинирање токата можела самостојно и целосно да ја извршува функцијата на појас, односно директно преку неа, да се поврзуваат и фиксираат двата краја на ременот. Во во случајот со наодот од гробот-циста 15 од Болован, дел од овој механизам (вградените железни алки на реверсот) припаѓа на малата кружна плоча.

Репертоарот на овие “двојни” токи, е документиран во малубројни примероци. Првиот кој ќе ни послужи како аналогија е без познати околности на наоѓање, а потекнува од северните региони на Република Македонија.[149] (Сл. 17/ѓ). Следниот примерок е откриен на далечниот северозапад - во регионот на Гласинац, потекнува од погоре споменатиот спален богат кнежевски гроб 1 од “Араревата громила”. Датиран е во период меѓу 500 и 350 год.пр.н.е., и припаѓа на културната етапа - Гласинац V (фаза Va).[150] (Сл. 17/е). Се работи за конструкција на “двојна” тока со додаден впишан “крст” во централната кружна алка.

Овој тип на комбинација помеѓу секундарно прилагодената мала кружна плоча и токата, со

[139] Митревски Д. 1990, Т. IV/3.

[140] Killian K. 1975, Т. 50/5; Т. 59/10.

[141] Санев и др. 1976, Кат. бр. 620; Кораќевиќ Д. 1977, 57-64, Сл. 11.

[142] Slavković N., Đurić 1965, T. II/8, T. III/1.

[143] Bouzek J. 1974, Fig. 16/11, 12.

[144] Чаусидис Н., 2017, Д 50, Д 51.

[145] Тасић Н. 1998, Кат. бр. 227.

[146] Djuknić M., Jovanović B. 1965, 15, T. XXIII/20, 21.

[147] Vasić R. 1987, 644-650.

[148] Видески З. 2003, Кат. бр. 298, 299 и 221.

[149] Крстевски Ц., Соколовска В. 2005, Сл. 24.

[150] Benac A., Čović B. 1957, 20, 58, T. XXXX/5.




Сл. 17 - Бронзени токи: Болован - сл.17/а; Милци - сл.17/б; Пеќка Бања - сл.17/в (според: *Тасић Н. 1998*); Атеница - сл.17/г (според: *Djuknić M., Jovanović B. 1965*); Лисичин Дол - сл.17/д (според: *Митревски Д. 1999*); Северни региони на Република Македонија - сл.17/ѓ (според: *Крстевски Ц., Соколовска В. 2005*); "Араревa громила" - сл.17/е (според: *Вепас А., Čović B. 1957*).

која се гради единствена појасна целина, досега не била позната и документиран во "*in situ*" позиција. На задните страни на споменатите аналогни мали кружни плочи не се регистрирани никави структурни додатоци, што укажува дека нивниот примарен/оригинален облик се разликува од секундарно прилагодените мали плочи, каков што е нашиот примерок.

Како што е споменато погоре, во текот на откривањето на содржината на гробот-циста 15, целиот простор на комората, покрај земја и песок, содржеше и висок процент на вода. При подигањето на малата кружна плоча од таа аморфна маса, бронзената тока ја откривме прилепена за нејзината опачина. Токата е излеана од бронза и претставува монолитна конструкција составена од една кружна и една триаголна „алка". На спротивните страни од бронзената плоча, се наоѓале една алка и една кука, изработени од тенка железна жица, кои биле секундарно фиксирани за нејзиното тело. Едниот крај од ременот бил поврзан со железната алка, а другиот со токата, преку која се обезбедувал нејзиниот контакт со железната кука (Сл. 14/а, б). На овој начин појасната гарнитура била ставена во функција.

Од долготрајната употреба на токата, на неа се јасно видливи трагите на истрошеност и тоа на најиздадениот дел од кружната алка, токму на местото, каде што таа директно се поврзувала со железната кука, што довело и до распукнување на материјалот.

Кај споменатата, идентична мала кружна плоча од некрополата Каракуш, на која се видливи два отвори на едната од страните, слични на претходната, поради што може со голем степен на сигурност да се претпостави дека и таа била секундарно подготвена/употребена за истата функција (Сл. 15/б). Појавата на два идентични примероци на "прилагодени" кружни плочи во просторот на соседните некрополи Болован и Каракуш[151], можеби претствува израз на техничките можности на некој локален мајстор во поправките на металните производи. Овие секундарни мајсторски поправки на делови од личниот накит, се познати и документирани кај повеќе примероци на "очилестите" фибули, на кои оштетената или искршената, оригинална бронзена игла, по правило била заменувана со железна.

Сличната типолошка структура на токите од Болован, Милци и Лисичин Дол (Сл. 17/а, б, д), покажува карактеристики на прифатена стилска одлика на вкусот на заедничкиот културен простор.

**Култна чашка** - Техничките и типолошките одлики на култната чашка, приложена покрај секундарно погребаната особа (Сл. 13/18), целосно се идентични со истата од примарното погребување (Сл. 10/9). Во дадените околности, таа е откриена со едно калотно копче, заглавено во структурата на нејзината нога или "птичја опашка". Тоа е едно од 128-те калотни копчиња, аплицирани на композитниот појас, кое посредно, на овој начин, ја открива позицијата на култната чашка во рамки на самиот појас. Околу чашката, во функција на култен инструмент на појасната гарнитура, фигурираат низа облици на "македонско-пајонски" бронзи - исто така во улога на симболи на култот. Покрај погоре опишаните поединечни елементи (Сл. 13/22, 26, 28), се појавува и следниот.

**Бокалче** - Бронзениот приврзок во форма на минијатурен бокал со засечен врат (Сл. 13/20), претставува реплика на керамичките бокали, кои како дел од стандардната керамичка гарнитура се присутни, речиси без исклучок, во сите железнодопски гробови во Долно Повардарје. Керамичките гарнитури, кои се најчесто комбинирани со кантаровидна чинија, бокал со засечен врат и шолја (кај возрасните лица) и олпе (кај децата), претставуваат заеднички дел од нормите востановени во тој период за погребување на секој поединец. Сите останати култни алатки, симболи на култот и личниот накит, кои доаѓаат со телото на покојникот имаат персонализиран карактер. Нивото на прифаќање на овие норми најдобро се илустрира кај повеќекратните употреби на гроб-

[151] Растојанието помеѓу некрополите Каракуш - с. Дедели и Болован кај Богданци, по воздушна линија изнесува околу 7-8 км.

ните целини, кадешто со секој покојник, бил приложен по еден таков керамички комплет. Таквата автентична состојба ја илустрира трикратно употребениот гроб-циста 155 од некрополата Милци, кадешто покрај остатоците на трите покојници, етапно биле приложени и три бокали со засечен врат од вкупно регистрирани седум керамички садови (Сл. 6).

Еден токму таков керамички бокал од гроб-циста 15 (Сл. 13/30), бил приложен заедно со минијатурното бронзено бокалче. Наспроти керамичкиот наод, кој во погребниот ритуал најверојатно треба да се идентификува во улога на култна алатка, минијатурното бронзено бокалче, закачено на појасната гарнитура, претставува симбол на култот, каков што е несомнено и соседниот приврзок на стилизирана птица (Сл. 13/21). Идентичен коментар нуди и Д. Митревски, во контекст на препознавањето и раздвојувањето на функциите на разновидните елементи на “македонско-пајонски” бронзи, во две основни групи - култни алатки (инструменти) и симболи на култот.[152]

Најраните примероци на минијатурни бокалчиња се појавуваат како интегрален дел од приврзоците - птици, поставени вертикално врз нивните стилизирани тела. Такви два примероци од доцен VIII век пр.н.е., се евидентирани во гробот 13 од Чаушица.[153] Во друга комбинација, тие се поврзани и поставени на вертикален профилиран стожер, какви што се примероците, прикажани кај И. Килиан-Дирлмејер.[154]

Исто така од некрополата во Чаушица, потекнуваат и најстарите поединечни примероци на култни бокалчиња, какви што се наодите од гробот 22, датирани во крајот на VIII-VII век пр.н.е.[155] Големиот број разновидни облици на минијатурни бокалчиња, Ј. Бузек ги класифицира во седум основни групи А-Г (*Group A-G*), и ги сместува во временска рамка од VIII до VI век пр.н.е.[156]

Култните минијатурни бокалчиња откриени во железнодопските некрополи во Македонија, потекнуваат од гробен и вонгробен контекст, какви што се и најчесто документираните такви наоди од: Орлови Чуки - Стар Караорман[157], Радање -



Сл. 18 - Вардарски Рид, Висулец - минијатурно боклче (Фото: Б. Хусеновски)

Криви Дол[158], Долно Оризаре - Велес[159], Дедели[160], како и случајните наоди од северните делови на Република Македонија.[161] Единственото минијатурно бронзено бокалче[162], откриено надвор од гробен контекст, потекнува од населбинскиот хоризонт на железнодопската населба на Вардарски Рид[163] (Сл.18), кое врз основа на стратиграфски податоци е датирано во VII век пр.н.е.

Како најблиска стилска паралела со конкретното минијатурно бокалче може да се земе идентичниот примерок од непознато наоѓалиште во јужна Пелагонија, датиран во VII-VI век пр.н.е., (според И. Микулчиќ, откриено во близина на Битола).[164] Истиот автор културната провениенција на овој наод, покрај другите, ја врзува со продорот на материјалната и духовната култура од Југот кон Пелагонија, којшто временски ја поставу-

[152] Mitrevski D. 2007, 571, 573, Fig. 13/a.

[153] Bouzek J. 1973, Fig. 1/1, 2.

[154] Kilian-Dirlmeier I. 1979, T. 81/1449 - Халкидик (Р. Грција), и 1450, 1451 - од непознато наоѓалиште.

[155] Bouzek J. 1973, Fig. 11/1, 2.

[156] Bouzek J. 1973, 38-49.

[157] Санев и др. 1976, Кат. бр. 579.

[158] Kilian 1975., T. 49/2, 3, 5, 6.

[159] Алексова Б. 1954, 54-57, Сл. 15, 16.

[160] Митревски Д. 1991, Т. XXII/16.

[161] Крстевски Ц., Соколовска В. 2005, 75, Сл. 16.

[162] Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, 53/1, (НУМГ 3097).

[163] Хусеновски Б., Димитриоска-Спасовска Г. 1999, 171, Т. I/2-6.

[164] Врз основа на идентификацијата на И. Микулчиќ, истиот сад и Ј. Бузек го лоцира местото на наоѓање некаде околу Битола (J. Bouzek. 1974, Fig. 12/11), додека според (I. Kilian-Dirlmeier 1979, 1395), наодот потекнува од Крушевица кај Прилеп.

ва во VII-VI век пр.н.е.[165] Одраз на таквите можни влијанија се можеби забележливи и кај минијатурното бронзено бокалче, чија форма е поблиска до типот прохус, за разлика од приложениот керамички бокал со белези, поблиски на постарите облици на мат сликаните садови (Сл. 11/30). Познато е дека стандардизираните керамографски форми на садовите, воедно се најконзервативниот дел од гробните прилози, и дека тие во долг временски интервал, се далеку најотпорни на секаков вид нови типолошки и стилски влијанија.

Надвор од Македонија минијатурните бокалчиња се среќаваат поретко, како на пример примероците од Западен Халкидик (Трифолон-Месимери, Потидаја), и објектите кои во форма на дарови биле приложувани во светилиштата во Фере-Тесалија, Атина[166] и Спарта.[167]

За овие минијатурни бронзени бокалчиња, постоеше мислење дека се исклучиво дел од инвентарот на постарите погребувања под могилки од аморфни камења, кои претходат на појавата на гробовите-цисти во Долно Повардарје.[168] Со откритието на повеќекратно употребениот гроб-циста 155 на некрополата Милци, датиран во VII век пр.н.е.[169], за прв пат е документирано, минијатурно бронзено бокалче во "*in situ*" позиција, обесено околу вратот на терцијарно погребаната женска особа, и тоа придружени со две очилести фибули без "осмици", со извлечени купести дискови приложени покрај градите (Сл. 6).

**Птица** (приврзок) - Најстарите примероци на приврзоци - птици, се поврзуваат со двата наода од гроб 13 од некрополата Чаушица, датиран во доцен VIII век пр.н.е.[170] Овие два приврзока се композитни модели, на чија горна страна од телото фигурира по едно вертикално поставено бокалче. Композитните и поединечните модели на приврзоците - птици, како и минијатурните бокалчиња, директно се поврзани со погребната опрема на женските особи. За потеклото на најстарите единечни наоди, повторно се упатува на наодите од Чаушица, каков што е наведениот примерок од гроб 10, дефиниран како модел на "едноставна" птица, класифициран во основната А група (*Group A*), чија што појава се врзува за втората половина на VIII век пр.н.е.[171]

Според обликот на телото, наодот од гроб-циста 15 од Болован (Сл. 13/21), припаѓа на приврзоците птици - "пауни" од групата Б (*Group B*). Привrзокот е изработен од тенок бронзен лим, каде речиси во дводимензионална изведба е обликувано телото на птицата, со нагласена "чешлеста" кикиришка и опаш во форма на "палета". Магичната убавина која зрачи од нашиот приврзок, обликуван во вид на стилизиран, но сепак елегантен и "надмен" паун, може слободно да се спореди со репрезентативниот и раскошен "коринтски" паун од доцногеометрискиот период - врвна творба на претпоставениот мајстор од Олинт.[172]

Овој тип приврзоци, слични на нашиот, Ј. Бузек ги класифицира во рамки на основната група Б, и поконкретно во подгрупата Б1, описно наречена "македонски" пауни.[173] Основна аналогија на нашиот приврзок-паун, ја најдовме кај сличниот примерок со слабо нагласено волуминозно тело од гроб А од Гевгелија (од старите ископувања во 1917 год.), кој би можел да биде датиран ок. 600 год. пр.н.е.[174] Уште поуверлива паралела за стилизираното и тенко "дводимензионално" тело на нашиот приврзок, може да се согледа преку неговата споредба со приврзоците од непознато наоѓалиште, депонирани во музејот Бенаки во Атина, кои се датирани во VI век пр.н.е.[175] Кон приврзоците од подгрупата Б1, припаѓаат и три слични приврзоци (со слабо нагласен волумен на телото), откриени во регионот на Гевгелија, Валандово и Дојран. Првиот наод е од гроб 18 од некрополата Бишов Јавор - с. Смоквица кај Гевгелија, потоа наодот без археолошки контекст од некрополата Каракуш - Валандово и случајниот наод од месноста "Караула" во Нов Дојран[176] (Сл. 19/а, б, в). Сите наоди од споменатиот регион кои припаѓаат на типот Б1, ја илустрираат продукцијата и циркулацијата на овој популарен маниристички стил на "македонските" пауни, кои во одреден временски период биле широко прифатени од страна на локалните заедници.

"**Ѕвонести**" приврзоци - Во контекст на погребните опреми на женските особи, е чест и разновидниот репертоар на овие композитни привrзоци (Сл. 13/23, 24). Над конусното (ѕвонесто) шупливо тело на приврзокот, обично е прицврстена покуса или подолга вертикална дршка, благо про-

165 Mikulčić I. 1966, 30, 31, T. IX/f.

166 Kilian-Dirlmeier I. 1979, T. 80.

167 Bouzek J. 1973, Fig. 11/5.

168 Митревски Д. 1991, 53, 54.

169 Необјавен наод.

170 Bouzek J. 1973, Fig. 1/1, 2.

171 Bouzek J. 1973, 14, Fig. 1/3.

172 Bouzek J. 1997, 142, Pl. 10/1.

173 Bouzek 1973, 19.

174 Bouzek 1973, Fig. 2/8.

175 Kilian-Dirlmeier I. 1979, 136-138, T. 41/748, 749.

176 Сите депонирани во НУ Музеј - Гевгелија, (Бишов Јавор - НУМГ 4418, Каракуш - НУМГ 3897 и Нов Дојран - НУМГ 4643).



а. б. в.

Сл.19 - Приврзоци “птици”, Бишов Јавор - сл.19/а; Каракуш - сл.19/б; “Караула” - сл.19/в.
(Фото: Б. Хусеновски)

филирана. Кај кружниот отвор оформен на дното од нивното тело, се симетрично поставени по три кружни алки, на кои, се закачени по два, три или повеќе бронзени висулци. Токму врз основа на формалните типолошки разлики на овие висулци, можат да се согледат различните варијации на овие композитни “ѕвонести” приврзоци. Од двата приврзоци откриени во рамките на секундарното погребување, композитната структура на едниот е целосна, додека од вториот се зачувани се само двата единечни висулци.

Целосно зачуваниот композитен “ѕвонест” приврзок од гроб-циста 15, има конусно шупливо тело, без дршка, кое на средината е украсено со три хоризонтални пластични ребра (Сл. 13/23). На горниот, крај од телото, е фиксирана една овоидна алка, а на долниот - три симетрично распоредени кружни алки. Во секоја од трите долни алки е обесен по еден монолитен, шупливо леан висулец (монисто со прстенест отвор на дното), без дршка. Овој висулец, спореден со типолошки идентичниот објект поставен на ѓерданот од едноставни биконусни мониста (Сл. 13/15), се разликува од него само по своето монолитно излеано тело. Но, нивната појава во иста секундарна гробна целина потврдува дека и двете варијанти биле во едновремена и паралелна употреба.

Опишаниот композитен “ѕвонест” приврзок со три висулци (монолитни мониста со прстенести отвори), засега има само една директна типолошка паралела и тоа во двата висулци на композитниот приврзок од гробот-јама број 187 од некрополата Милци. Според останатите хронолошки осетливи наоди, погребувањето во овој гроб се датира во почетокот на VII век пр.н.е.[177] Во групата поединечни вакви наоди, спаѓа и вонгробниот примерок од некрополата Сува Река.[178]

Комбинирањето на овие приврзоци во сложени композитни целини е регистрирано кај композитниот приврзок во облик на “чун” или објект во форма на “сидро”, откриен на девастираната некропола Каракуш - Валандово, кој најверојатно потекнува од VII век пр.н.е.[179] Во иста улога се поставени и на композитниот приврзок “звечка” откриен во гроб 25 од Бојмица (*Axioupolis*), датиран во втора половина на VII век пр.н.е.[180]

Во некрополите од Долното Повардарје е често присутна варијанта на слични композитни “ѕвонести” приврзоци со полно излеани цилиндрични висулци, чии што краеви завршуваат во облик две или три споени “капки”. Во познатиот гроб 2 од некрополата во Бојмица (*Axioupolis*), се откриени пет идентични такви примероци. Два од нив се спомнати од страна на Ј. Бузек во поглавјето - Ѕвона и ѕвонести приврзоци (*Bells and bell-pendants*), и тоа сместени во групата Е (македонски ѕвонести приврзоци) и датирани во средината на VII и раниот VI век пр.н.е.[181] Во студијата за истиот гроб, авторката *Descamps-Lequime*, ги датира овие приврзоци во втората половина на VII век пр.н.е.[182] Овој тип “ѕвонести” приврзоци, покрај наодот од Бојмица, е откриен и на некрополите од истиот културен круг, лоцирани во соседна Гевгелија и тоа во гробот-циста 25 од Сува Река[183] и гробот-циста 130 од Милци.[184]

177 Необјавен наод, откриен во текот на систематските ископувања во 2021 год.

178 Пашиќ Р. 1978, Сл. 4/б.

179 Хусеновски Б. 2018, 113-115, Сл. 10/г.

180 Descamps-Lequieme S. 2011a, 101, Fig. 27/2.

181 Bouzek J. 1973, 93, Fig. 26/11,12.

182 Descamps-Lequime S. 2011b, 89, Fig. 20/7-11.

183 Пашиќ Р. 1978, Сл.7/в; Хусеновски Б., Сламков Е. 2005, каталог Сл. 63.

184 Необјавен наод.

**Приврзок со Т - алка** - Во состав на истата појасна гарнитура е регистриран и еден бронзен привзок од овој тип, на чие цилиндрично и полно излеано тело, во средишниот дел се наоѓа едно топчесто здебелување (Сл. 13/25).

Ретки постари примероци на овој тип приврзоци се откриени на некрополата во Вергина.[185] Овој вид приврзоци Ј. Бузек ги раздвоил во 9 основни групи, од кои на нашиот примерок би соодвествувала групата Ц (*Group C*). Поконкретно тоа би била групата Ц1 т.е. основната верзија, во која е класифициран и аналогниот примерок од Потидаја.[186] Идентичните наоди, типични за групите Ц и Д авторот ги датира во втора половина на VII и VI век пр.н.е. Специфичниот облик на овие ситни бронзени приврзоци, е документиран и во групата случајни наоди на "македонско-пајонски" бронзи, откриени без археолошки контекст, кои потекнуваат од северните делови на Република Македонија.[187] На некрополата Милци забележан е само еден таков примерок, и тоа во гробот-циста 146, во кој судејќи според останатите индикативни наоди, најверојатно било погребано дете од женски пол. Откриениот привзок во детскиот гроб бил во улога на средишен украс на приложениот кус гердан од бронзени тролисни мониста, според кој погребувањето е датирано во VII и VI век пр.н.е.[188]

**Сферно ажурирано монисто** - Во иста позиција е констатирано и ова сферно монисто, чие тело е перфорирано преку три кружни прстенасти отвори, поставени хоризонтално на најиспакнатиот дел од сферата, комбинирани со вертикални засеци и триаголници (Сл. 13/27). Востановениот термин за овој вид култни бронзи е "ажуриран привзок" или "ажурирана топка", иако неговиот облик и функција се поблиски на ажурираното монисто, кое е идентично на наодот од Линдос, од страна на Ј. Бузек класифицирано во група Х2 (*Group H2*), и датирано во VII-VI век пр.н.е.[189]

Што се однесува до самиот изглед на монистото и шемата на неговото украсување, тоа најверојатно треба да претставува занаетчиско/уметничка реплика на афионовата чашка, која во процесот на добивање на свеж катран (морфин), на сличен начин била засекувана по телото. Според местото на наоѓање, овие култни бронзи како случајни наоди или гробни прилози, се забележани на неколку некрополи од гевгелиско-валандовскиот регион. Од групата случајни наоди ги издвојуваме примероците од Дедели, првиот од раните ископувања во 1917 год., вториот откриен како вонгробен наод во близина на гроб 59[190], а третиот примерок од Демир Капија.[191]

Во втората група се поместени прилози од затворени гробни целини, кои врз основа на останатите индикативни наоди, биле препознаени како погребувања на инхумирани женски особи. Поголем број од овие типични наоди е откриен во гробови-могилки, како што е примерокот од гробот-могилка 55 од Дедели (најрано погребување), е датиран во средина на VII век пр.н.е.[192], и гробот-могилка 48 од Милци.[193] Според своите стилско-ликовни карактеристики дел од оваа група наоди е и ажурираното монисто од гробот-могилка 171 од скорешните ископувања на некрополата Милци.[194] Во делумно растурената могилка, монистото е еден од трите елементи на откриениот композитен привзок - т.н. "*звечка-прапорец*", идентичен на објектот од интактниот гроб-циста 111 од Милци, датиран во прва половина на VII век пр.н.е.[195]

Покрај откриениот примерок на ажурирано монисто, во инвентарот на двојното погребување во гробот-циста 15 од Болован, претходно беше познат само објектот од гробот-циста 54 од некрополата Милци. Откриен е во исти околности на двократно употребена циста која, според авторот, припаѓала на времето на употреба на раните цисти во Долно Повардарје.[196]

Во контекст на целокупниот инвентар на ова двојно погребување, стандардната керамичка гарнитура е застапена само со една шолја со две вертикални рачки и бокал со засечен врат (Сл. 13/29, 30). Керамичкиот комплет, најверојатно припаѓал на инвентарот на едната од двете особи, а според позицијата во комората, веројатно бил поблизок до опремата на второпогребаната. Одликите на овие керамички садови не содржат никакви варијации во однос на стандардно обликуваните и хронолошки одредените, мат-сликаните керамички садови произведени на витло во периодот на VII-VI век пр.н.е., во регионот на Долното Повардарје.

185 Bräunuing A., Killian-Dirlmeier I. 2013, Abb. 104, Grab LXIV E/27; Abb. 217, Hugel Grab LXVI/AE 345.

186 Bouzek J. 1973, 50, 51, Fig. 16/4; Fig. 17/6.

187 Крстевски Ц., Соколовска В. 2005, 79, Сл. 21.

188 Необјавени наоди.

189 Bouzek J. 1973, Fig. 20/6.

190 Митревски Д. 1991, Сл. 9, Т. XVI/11.

191 Митревски Д. 1988б, 92, Т. II/11.

192 Митревски Д. 1991, 54, Т. XV/6.

193 Митревски Д. 1988б, Сл. 2/б.

194 Необјавен наод.

195 Хусеновски Б. 2018, 111, Кат. бр. 13.

196 Митревски Д. 1991, 54; Митревски Д. 1988б, Сл. 5.

**Гроб 23** Табла II; (Сл. 20/1-6)

Покривната конструкција на гроб-циста 23, е сочинета од две масивни, делумно обработени камени плочи. На длабочина од 1.60 м., била оформена правоаголна циста од повеќе големи и мали, делкани камени плочи, ориентирана во правец северозапад/југоисток. Дното на комората со димензии 1.85x0.40 м., било нивелирано директно врз здравицата, на длабочина од 2.00 м. Остеолошкиот материјал е затекнат во траги.

По чистењето на комората и документирањето на гробната содржина, откривме дел од вертикално поставен питос под нивото на вкопаните, бочни плочи на цистата и тоа од нејзината јужна страна. Со увидот во затекнатата состојба во комората, констатиравме дека според редоследот на активностите околу подигањето на цистата, питосот веќе бил таму позициониран претходно. Во рамки на тој зафат, била отстранета горната половина на питосот, односно делот кој го надвисувал подното ниво на комората. Долната интактна половина на питосот се наоѓа на 0.85 м., под нивото на комората, односно на длабочина од 2.95 м., под површината. Причините за негова појава под нивото на хоризонтот на погребување на железнодопската некропола, засега не можат прецизно да се одредат. (Сл. 21). Во недостаток на материјални остатоци во внатрешноста на питосот, обидот за утврдување на неговата културна и хронолошка провениенција, засега не е можен.

Слично погребување во вертикално поставен питос е забележано во гроб 5, на праисториската населба на Вардарски Рид, во кој покрај остеолошки остатоци на покојникот е евидентиран еден фрагментиран бокал со засечен врат, врз основа на кој, погребувањето е датирано во крајот на VI век пр.н.е. На истата населба, откриено е и едно погребување во хоризонтално поставен питос - гроб 2, во чија содржина се евидентирани инхумирани остатоци на покојник, чии гробни прилози се поврзуваат со периодот на доцното бронзено време (XII-XI век пр.н.е.).[197] Ретки погребувања на инхумирани индивидуи во хоризонтално поставени питоси, регистрирани се во неколку случаи и на некрополите Милци, Сува Река, Дедели и останатите железнодопски некрополи од Долно Повардарје.

Во инвентарот на покојничката се наоѓаа неколку, стандардни гробни прилози:

1. Рамна игла од железо, 2. Ѓердан, 3. Пар очилести фибули без "осмица", со испакнати дискови, 4. Пар спирални белезици, 5. Шолја со една вертикална рачка и 6. Бокал со засечен врат.

**Игла** - Приложената железна игла со вретенаста (јајцевидна) глава (Сл. 20/1), идентична е со примерокот од инвентарот на примарното погребување во гроб-циста 15.

**Ѓердан** - Покрај инхумираната индивидуа, бил приложен кус ѓердан од осум сферни мониста од стакло и стаклена паста, перфорирани и паралелно зарамнети од двете страни (Сл. 20/2). Ѓерданот е откриен во "*in situ*" позиција, во близина на зачуваните остатоци од фрагментираниот череп. Пет мониста се изработени од транспарентно синозелено стакло, а поситните три од стаклена паста со сребренесто-бела мат боја. Многу ретко се среќава комбинирање на мониста од два вида стакло, на еден исти ѓердан. Идентична комбинација на пастозни мониста и едно монисто од дифузно тиркизно стакло, била поставена на ѓерданот од гробот-јама бр. 344 од Лисичин Дол, датиран во рамките на VII век пр.н.е.[198]

Појавата на пастозни мониста во регионот на Долното Повардарје, е регистрирана во гроб 20 и гроб 48 од некрополата Сува Река, заедно со прилози датирани во VII век пр.н.е.[199] Три идентични жолтеникави мониста од гробот-јама 18, од Бишов Јавор биле приложени заедно со погоре спомenатата култна чашка од истиот гроб, датирана во средината на VII век пр.н.е. Документирани се и на некрополата Милци (како поединечни примероци или пак нанижани на куси ѓердани), и тоа во гробовите-јами 98, 107, 108 и 187, а исто така, и во гробовите-цисти 89, 105, 114, 161 и 172, сите датирани широко во рамка на VII век пр.н.е.[200] Откриеното монисто во гробот-јама 99 од истата некропола било приложено заедно со две големи еднопетлести лачни фибули, идентични на оние откриени под тумулите на локалитетот Криви Дол во село Радања кај Штип[201], исто така датирани во ран VII век пр.н.е. Единствен засега познат ѓердан, составен исклучиво од пастозни мониста е откриен (заедно со уникатниот композитен приврзок - "Лира") во гробот-циста 125 од некрополата Милци, чија што затворена гробна целина потекнува од првата половина на VII век пр.н.е.[202]

Аналогни наоди на монохромни транспарентни мониста со мазна површина се навистина ретки. Таков примерок, идентичен со монистата од ѓерданот пронајден во гроб 23, со сребренес-

[197] Папазовска А. 2005, 385-400, Гроб 5, Сл. 9-11, Т. II/9; Гроб 2, Сл. 3-5, Т. I/1, 2.

[198] Папазовска А. 2019, 13-18, Кат.бр. 10.

[199] Пашиќ Р. 1978, 23, 27.

[200] Необјавени наоди.

[201] Гарашанин М., Гарашанин Д. 1959, Сл. 63, 64 и 65.

[202] Хусеновски 2017, 46, Т. III/1.



1.



2.



3.



4.



5.



6.

Сл. 20 - Гробни прилози од гроб-циста 23 (Фото: Б. Хусеновски)

то жолто/зелено проѕирно стакло, е констатиран во запленетиот материјал од нелегалните ископувања на некрополата Болован во 2007 год.[203] (Сл. 22/а). Уште едно идентично, е откриено во затворената гробна целина на гробот 14 на некрополата Бишов Јавор кај с. Смоквица, кадешто било приложено покрај две лачни еднопетлести фибули со правоаголна нога, датирани во VI век пр.н.е.[204] (Сл. 22/б).

Покрај монохромните транспаренти мониста (сини, зеленкасти, жолтеникави), со мазна надворешна површина, циркулираат и примероци од дифузно, светло или темно сино/тиркизно стакло, чија надворешна површина е украсена со вертикални канелури.

Примери на мониста од дифузно стакло со вертикални канелури, нанижани на ѓердан се среќаваат почесто во гробните инвентари од VI и VI/V век пр.н.е. Во интактниот гроб-јама 100 од Милци, околу вратот на покојничката биле приложени два ѓердани. Првиот бил компониран од мониста од аморфен килибар, а вториот - од седум мониста од мат-тиркизно стакло со релјефни вертикални канелури и тоа покрај пар споени бронзени алки, типични за VI век пр.н.е.[205] Едно такво мат темно-сино монисто со релјефна површина е откриено и во Нов Дојран[206] (Сл. 22/в) и тоа заедно со погоре споменатиот култен приврзок - птица т.е. “македонски” паун (сл. 19/в), кој исто така е датиран во VI век пр.н.е. Дисперзијата на престижниот модел на ѓердани од сфрени мониста од дифузно стакло со вертикални канелури е регистриран во гроб X од Требениште[207], како и два примероци од централниот гроб под Могила I во Атеница, датирани во VI-V век пр.н.е.[208] Опстанокот на овој тип популарни, монохромни дифузни мониста со вертикални канелури го потврдува и наодот од гроб 25 од Сува Чешма, датиран во V-IV век пр.н.е.[209]

Речиси сите наведени примери на пастозни мониста откриени во затворени гробни целини, како поединечни наоди или компонирани на ѓердан, по правило се дел од инвентарите, датирани во првата половина или средината на VII век пр.н.е.

[203] Предаден од страна на УВР Гевгелија во 2007 год., (НУМГ 4623).

[204] Од ископувањата на некрополата Бишов Јавор - с. Смоквица во 1999 год. (НУМГ 4442).

[205] Необјавен наод.

[206] Од заштитно археолошко ископување во 1998 год., денес просторот долж и околу ул. Едвард Кардељ (НУМГ 4644).

[207] Chacheva M., Vasileva S. 2018, 123-131, Fig.13.

[208] Djuknić M., Jovanović B. 1965, 9, T. XVII/2, 3.

[209] Stojoska-Vidovska T. 2018, 51, 344, Cat. No. 279.

Што се однесува до транспарентните стаклени мониста со мазна површина, се чини дека тие го наследиле трендот на популарност на пастозните, и циркулираат речиси паралелно со сферните мат примероци со вертикални канелури. Својата дисперзија тие ја продолжиле и во VI-V век пр.н.е., па дури и во доцниот IV век пр.н.е., што го потврдува и примерокот од некрополата Макријалос (*Makrygialos*), во близина на античка Пидна.[210]

Функцијата на монистите е пред сé украсна, но во заднината на овој нивни карактер не се исклучува и можната апотропејска улога. Тоа е посебно забележливо кај најмладата варијанта на сферни монисти со вертикални канелури, кои во основа се идентични на бронзените ажурирани висулци- топки или мониста зад кои стои нивната заедничка култна предлошка - зарежаната афионова чашка. Некои автори овој облик на мониста со канелури кај постарите примероци го поистоветуваат со пупката на лотосовиот цвет, или кај помладите објекти со канелурите на диња.[211]

На ѓерданот од гроб 23 се присутни и двете варијанти на сферните мониста - дифузните од пастозно стакло и транспарентните - од проѕирно стакло. Поради тоа тој, барем засега, е единствената комбинација на (условно кажано), постарите пастозни и помладите стаклени монисти во една иста гробна целина која, најверојатно, била затворена во средината или во втората половина на VII век пр.н.е.

**Очилести фибули** - Во пределот на градите на покојнчката од овој гроб бил откриен пар бронзени очилести фибули без “осмица” со изразени купести дискови (Сл. 20/3). За типичен ран примерок на очилести фибули со рамни дискови без “осмица”, се зема единечниот наод од затворена гробна целина откриен во гроб-могилка 31/35 од Милци, која според Георгиев е датирана во крајот на првата половина, односно средината на VII век пр.н.е.[212] Во однос на датирањето на овој редок тип на очилеста фибула - тип Милци во Долно Повардарје, Пабст С., ја поврзува со откриени четири лачни еднопетлести фибули со асиметрична нога (плоча), кои пак својот единствен пандан го наоѓат во две богато украсени идентични фибули од гроб 59 од Скубри - Левканди (Евбеја), датирани најрано во втора половина на IX век пр.н.е., многу порано од наодите од гроб-могилка 31/35 од Милци.[213] Со оглед на големата хронолошка поларизација на датирањата на иста гробна целина, авторката нагласува дека новото датирање на

[210] Ignatiadou D. 1993, pp. 207-214, Eik. 1.

[211] Tsigarida E.-B.1997, pp.110, Fig. 100.

[212] Георгиев З. 1983, 65-70, T. I/3.

[213] Pabst S. 2008, 619, 620.




Сл. 21 - Ситуација во гроб-циста 23. (Фото: Б. Хусеновски)

гроб 31/35 од Милци, ќе создаде последици и измени во апсолутната хронолошка класификација на материјалите од железнодопските хоризонти, како на југ така и север на централниот Балкан. Во рамки на локален контекст, гробните наоди од гроб-могилка 31/35 од Милци треба да се најдат на почетокот на македонското железно време II A во Долно Повардарје.[214]

На истата група припаѓаат и примероците од гроб 54[215] и идентичниот пар од гробот-јама 99 од истата некропола.[216] Со појавата на уште еден примерок од Сува Река[217] се покажа дека рамните очилести фибули без "осмица", во кругот на гевгелиските некрополи биле рано користен елемент од личниот накит на женските особи од локалната заедница.

Што се однесува до аналогиите со ретката варијанта на очилести фибули без "осмица" со купасти дискови, нив ги откривме кај идентичниот пар од гробот 75 од Дедели[218], кој според Митревски, се поврзува со најраната фаза на погребување во цисти во некрополата Дедели датиран во средината на VII век пр.н.е. Освен наодот од Дедели, еден таков примерок потекнува и од Глос-Грчиште[219], од гробот-јама 18 од Бишов Јавор, и два пара од гробовите-цисти 155 и 172 од некрополата Милци.[220] Идентичен пар, датиран во VII век пр.н.е., е откриен е и во интактниот гроб-јама 344 од Лисичин Дол.[221] Големиот број нови примероци на овој тип фибули, откирни по осамениот наод од Дедели, покажува дека очилестите фибули без "осмица" со купести дискови, доживеале забележителна дисперзија во рамките на гевгелиско-валандовската културна група.

**Белезици** - Документираниот пар спирални белезици од густо намотана бронзена жица со кружен пресек (Сл. 20/4), се одликува со истите културно-хронолошки вредности на белезиците од погоре споменатото, двократно погребување во гробот-циста 15.

Идентичен е заклучокот и за гарнитурата на мат-сликаната керамика (Сл. 20/5, 6), работена на

214 Pabst S. 2008, 621.

215 Видески З. 2003, Кат. бр. 193.

216 Необјавен наод.

217 Видески З. 2003, Кат. бр. 197.

218 Митревски Д., 1991, 57, 58, Сл. 44, Т. XIX/6.

219 Видески З. 2003, Кат.бр. 195.

220 Необјавени наоди од некрополите Бишов Јавор и Милци.

221 Папазовска А. 2019, 13-18, Кат. бр. 8, 9.



Сл. 22 - Сл.22/а, Болован; Сл.22/б, Бишов Јавор; Сл.22/в Нов Дојран (Фото: Б. Хусеновски)

витло, создадена под влијание на јонско-родоската керамика од истиот период.

**Завршни согледувања**

Први податоци за "македонското" железно време се поврзани со Дедели (*Dedeli near Hudova*), и потекнуваат од проф. Х. Драгендорф, каде што тој, за време на Првата светска војна, вршел археолошки ископувања. Според заклучоците од проучувањата на прибраниот материјал, кој претходно бил депониран во Етнолошкиот музеј во Берлин (*Museum für Völkerkunde*), подоцна Т. Пингел, изнел став дека тој потекнува од локацијата на Дедели покрај Валандово, од денешно Марвинци.[222]

Претходниот пасус, на речиси идентичен начин, го користеле во своите трудови како вовед бројни странски и и домашни автори, пишувајќи за почетоците на истражувањата на железното време во Долно Повардарје. Идентификувањето на старите топоними, споменати од страна на Т. Пингел., со современите ископувања во Дедели го потврдија Пашиќ и Митревски.[223] За материјалот од Марвинци, постоеја теренски индиции кои се покажаа точни, дека всушност станува збор за некрополата Лисичин Дол, што беше и документирано, благодарение на ископувањата вршени од страна на З. Видески[224], А. Папазовска[225] и Д. Митревски, С. Темов.[226] По Дедели, Пашиќ, ги организираше и раководеше првите ископувања во регионот на Гевгелија на некрополите Сува Река и Милци.[227] Со подоцнежните систематски ископувања на праисториските културни хоризонти на населбата на Вардарски Рид, беше потврдена тезата,[228] дека токму локалната заедница од оваа населба, низ подолг временски период (од средината VIII до почетокот на V век пр.н.е.), и потоа, ги организирала своите колективни некрополи во овој регион. За градежните активности и урбаните остатоци во контекст на железнодопскиот населбински хоризонт, регистриран во вертикалната стратиграфија на праисторискиот Вардарски Рид, детално образложува А. Папазовска.[229]

Сликата за значењето на некрополите од железно време по долината на Вардар, односно гевгелиската културна група, ќе се прошири и преку систематското ископување на некрополите Бишов Јавор кај с. Смоквица и Болован кај Богданци. Дотогашниот корпус на информации за некрополата Милци, беше значајно збогатен со добиените резултати од заштитното (во 1997 год.) и од систематското ископување на некрополата Милци (од 2011 до 2022 год.), при што беа откриени вкупно 172 нови гробни конструкции.[230]

[222] Васић Р. 1977, 1, 2 (со наведена литература).

[223] Пашиќ Р. 1983, 57-64; Митревски Д. 1991.

[224] Видески З. 1999, 91-111.

[225] Папазовска А. 2019, 8-27.

[226] Митревски Д., Темов С. 1999, 135-155.

[227] Пашиќ Р. 1977, 43-56; Пашиќ Р. 1978, 21-52; Пашиќ Р., и др. 1987, 75-102.

[228] Хусеновски Б., Димитриоска-Спасовска Г. 1999, 157-182; Хусеновски Б. 2005, 116.

[229] Папазовска А. 2005, 115-159.

[230] Реализираните ископувања на некрополата Милци во 1997 год., и во 2011-2022 год., на Болован во 2003 год., и на Бишов Јавор, беа организирани од НУ Музеј - Гевгелија, а раководени од Бобан Хусеновски, археолог кустос-советник. За објавените трудови на авторот, види во приложената библиографија.

Во контекст на новите сознанија и значењето на наведените некрополи, локалитетот Болован треба да понуди дополнителни информации во однос на својот културно/хронолошки контекст и поврзаноста со нив, со кои во периодот на железното време гради единствена културна целина во регионот на Долно Повардарје, и поширокиот простор. Болован е нов исчекор кон проширувањето на знаењето за социјалниот, духовниот и културниот живот на локалните железнодопски заедници во рамки на гевгелиско-валандовскиот регион.

Болован со соседните некрополи Дедели и Каракуш во периодот на железното време, го дели истиот животен простор и ги одржува најблиските културни контакти. Во фондот на движни наоди од само две интактни гробни целини од оваа некропола (гробовите-цисти 15 и 23), се најдоа неколку предмети за кои најблиски паралели даваат токму посочените некрополи - Дедели и Каракуш. За жал, освен систематски истражената некропола во Дедели, просторот на кој биле организирани некрополите Болован и Каракуш е целосно девастиран, а нелегално пронајденото движно културно наследство е ограбено или уништено.

Начинот на организирање на јавниот простор за погребување на локалитетот Болован е идентичен со другите некрополи од валандовско-гевгелискиот регион, каде што цистата е доминантна гробна конструкција. Други типови на гробна архитектура во неа досега не се регистрирани. Откриените типови и форми на личен накит и "македонско-пајонските" бронзи, целосно припаѓаат на постоечкиот инвентар на гробни прилози од железното време. Нема варијации ниту во стандардизираните мат-сликани керамички гарнитури.

Нов елемент во гробниот инвентар на некрополите од Долното Повардарје, кој за прв пат е регистриран на некрополата Болован е токму еднопетлестата лачна фибула од "островски" тип, односно тип од "острови на Архипелагот", откриена во гроб 14. К. Блинкенберг овој тип на фибули ги распоредил во групата IV, и ги датирал во првата половина на VII век пр.н.е. Со откривањето на уште една, идентична (фрагментирана) фибула, некрополата Болован за нив ќе претствува најсеверен простор, каде што е регистрирана нивната дистрибуција.

Праксата на ритуална, повеќекратна употреба на гробните цисти, е позната кај сите наведени железнодопски некрополи од Долното Повардарје. Во комората на двократно употребениот гроб-циста 15 од Болован е констатирано исто така, последователно погребување на две значајни, статусно истакнати и богато опремени индивидуи. Оваа постапка се разликува од погребната пракса присутна на некрополата Милци, во која погребувањата на женски индивидуи со висок социјален ранг биле вршени во гробни јами и исклучиво во гробови-цисти за еднократна употреба, како што е случајот со погребувањата во гробовите 150 и 111, т.е. гробот на "Дамата" од Милци. [231]

Моделот на еднократно погребување на женски индивидуи со статусно истакнат социјален профил, посебно е нагласен кај погребувањата во гробови-јами или гробови-могилки од нафрлени камења, кај кои досега, ниту во еден случај, не е забележена двократна или повеќекратна упoтеба. Фактографска илустрација на оваа погребна паркса е автентично прикажана во интактната состојба на инхумираните женски покојници во гробот-јама 15 (гроб на т.н. свештеничка), како и на подоцна откриените гробни целини 344, 357 и 359 од некрополата Лисичин Дол.[232]

Во контекст на примарното погребување во гробот-циста 15 од Болован, треба да се потенцира откривањето на комплетната композитна структура на еден пробиен појас, кој во просторот на Долното Повардарје дотогаш бил познат, единствено по неговите поединечни елементи. Откритието пак, поврзано со секундарно погребаната индивидуа во истиот гроб, на чиј стомак е регистрирана мала кружна плоча и појасна тока, засега е уникатна композитна конфигурација во улога на појасна структура. Иако, одделни примероци на малите кружни плочи и на појасните токи, биле и претходно познати, во овој случај тие се за прв пат интегрално обединети во функцијата на една појасна гарнитура. Идентичното прилагодување на кружните плочи за појасната гарнитура од Болован и Каракуш, ја навестува веројатноста за непосредни силни и блиски, социјални и културни врски на заедниците од локалниот круг на кој припаѓаат некрополите во Дедели, Каракуш и Болован.

Едновремената појава на мониста од стаклена паста и од стакло во рамките на комбинираниот ѓердан од гробот-циста 23 е исто толку значајна, ако се земе во предвид дека нивната појава досега била третирана како одраз на два меѓусобно временски дистанцирани модели.

Кон групата локални долновардарски некрополи, кај кои се регистрирани ретки примероци на очилести фибули без "осумка", со конусни дискови, сега може да се додаде и парот вакви наоди од гробот-циста 23 од Болован.

На картата (Табла I), на која се прикажани, најзначајните железнодопски некрополи во по-

[231] Статијата за гроб 150 е во подготовка.

[232] Папазовска А. 2019, 8-31.

широки граници на Долното Повардарје јасно се гледа дека нивната висока концентрација и позиционираност е токму околу главниот тек на реката Вардар, нејзините притоки и во близина на локациите на матичните праисториски населби. Повеќе од јасно е дека обемниот и разновиден фонд на култните "македонско-пајонски" бронзи со кои изобилуваат содржините на гробните целини, датирани од VIII-V век пр.н.е., најексплицитно и одразуваат сферите на духовната култура и религискиот карактер на овие предмети како интегрален дел од општествениот живот на доминантната пајонска популација во наведениот регион.

Реалните претпоставки за големината на движното културно наследство во гробовите од некрополата Болован, почива врз резултатите од само две, систематски и методолошки исправно истражени гробни целини. Поразителен е податокот за бројноста и значајноста на корпусот движни наоди, кој бил истргнат од изворните содржини преку нелегалното раскопување на можеби стотина и повеќе гробни целини, кои во меѓувреме се најверојатно отуѓени.

За стратиграфијата и значењето на некрополата Болован, не се можни комплексни согледби и заклучоци, без реализација на натамошни сеопфатни мултидисциплинарни археолошки ископувања.

* * *

*Голема благодарност за финалното обликување на трудот[233], упатувам до почитуваните колеги д-р Александра Папазовска и проф. д-р Никос Чаусидис за безбројните дискусии околу симболиката и значајот на откриените култни предмети и нивните сугестии за подобрување на стилските параметри во текстот.*

[233] Некрополата Болован е прв научно валоризиран археолошки локалитет во општина Богданци. Зад заложбите на авторот во текот на 2024/25 год., овој труд во форма на монографија, да биде објавен од страна на Локалната самоуправа на општина Богданци во улога на издавач, за жал не се реализира.

Табла I




Табла I - Карта на Долно Повардарје (праисториски населби и некрополи), според: Б. Хусеновски

Гроб 14




Гроб 15




Гроб 23




Табла II - Болован, Основи на гробни конструкции

**БИБЛИОГРАФИЈА**


**Алексова Б. 1954**, Археолошки наоѓалишта по долниот тек на реката Тополка, *Гласник* на МКД на НР Македонија, I-4, Скопје 1954.

**Andrea Zh. 1976,** Les tumuli de Kuç i Zi, *Iliria* VI, Tirana 1976.

**Benac A., Čović B. 1957,** Glasinac Dio II, Željezno Doba, Zemaljski muzej u Sarajevu, Sarajevo 1957.

**Blegen W. C., Palmer H., Young R.S**. (eds.) 1964, The North cemetery, *Corinth, Volume XIII*, Princeton, New Jersey 1964.

**Blinkenberg Chr. 1926**, Fibules Grecques et Orientales, [*Lindiaka* V], København 1926.

**Bouzek J. 1973**, Graeco-Macedonian bronzes (Analysis and chronology), Universiteta Karlova, Praha 1973.

**Bouzek J. 1974**, Macedonian bronzes. Their origins, Distribution and relation to other cultural groups of the Iron Age, *Pamat. archeol.* LXV, Praha 1974.

**Bouzek J. 1997**, Greece, Anatolia and Europe: Cultural interrelations during the Early iron age, *Studies in Mediterranean archaeology*, Vol CXXII, Jonsered 1997.

**Bräuning A., Killian-Dirlmeier I. 2013**, Die eisenzeitkichen grabhügel von Vergina, (Die ausgrabenungen von Photis Petsas 1960 - 1961), Mainz 2013.

**Васиħ Р. 1974**, Бронзе из Титовог Велеса у музеју Бенаки, *Жива Антика* XXIV/1-2, Скопје 1974.

**Васиħ Р. 1977,** Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске долине, *Старинар, (н.с.) 27 (1976)*, Београд 1977.

**Васиħ Р. 1986**, Уметничке тежње на тлу Југославије у гвоздено доба, *Старинар* XXXVII, Београд 1986.

**Vasić R. 1987**, Kneževski grobovi iz Atenice i Novog Pazara, PJZ V- Željezno doba, Sarajevo 1987.

**Vasić R. 2003**, Die nadeln im Zentralbalkan, *Prähistoritorische bronzenfunde*, Abteilung XIII - Band 11, Stuttgart 2003.

**Видески З. 1999**, Лисичин Дол - Марвинци, некропола од железно време (истражувања 1997) *МАА* 15, Скопје 1999.

**Видески З. 2003**, Македонски бронзи - *каталог*, Музеј на Македонија, Скопје 2003.

**Видески З. 2022**, Димов Гроб - Некропола од доцно бронзено време, Скопје 2022.

**Вукмановиħ М., Радојчиħ Н. 1995**, Каталог метала II, Народни музеј Београд, Београд 1995.

**Гарашанин М., Гарашанин Д. 1959**, Археолошка ископавања у селу Радању, на локалитету "Криви Дол", *Зборник на штипскиот Народен музеј* I (1958-1959), Штип 1959.

**Георгиев З. 1978**, Нов халштатски наод од околината на Куманово, *МАА* 4, Скопје 1978.

**Георгиев З. 1980,** Карактерот и значењето на вонгробните наоди во јужноповардарските некрополи од железно време, *МАА* 6, Скопје 1980.

**Георгиев З. 1982**, Архајски тоалетни реквизити од Долно Повардарје, *Годишен Зборник на Филозофски факултет* 34 (1982), Скопје 1982.

**Георгиев З. 1983**, Гробот 31/35 од некрополата Милци кај Гевгелија, *Зборник* АММ (1979-1982), Скопје 1983.

**Gergova D. 1980**, Contributions to the problem of Thraco-Caucasian relations in the Early Iron Age, *Pulpudeva* 3, Sofia 1980.

**Descamps-Lequieme S. 2011a**, Les foilles du service archéologique dé l'armée d'Orient (1917-1918) - La nécropole Bohemitsa - "Tombe découverte le 21 juin", Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011.

**Descamps-Lequime S. 2011b**, La prèsence française en Macèdoine de la fin du XVIII siècle au dèbut du XX siècle, La nècropole de Bohèmitsa (actuelle Axioupolis), Tombe N° 2, Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011.

**Djuknić M., Jovanović B. 1965**, Illyrian princely necropolis at Atenica, *AI* VI, Beograd 1965.

**Ignatiadou D. 1993**, ΓΥΑΛΙΝΑ ΚΤΕΡΙΣΜΑΤΑ ΑΓΙΟ ΤΟ ΝΕΚΡΟΤΑΦΕΙΟ ΤΗΣ ΠΥΔΝΑΣ, ΑΕΜΘ 7, 1993.

**Ignatiadou D. 1997**, Jewellery from the Geometric period to the Late Antiquity, Greek Jewellery 6000 years of tradition, Athens 1997.

**Killian K. 1975**, Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria, *Praehistorische Zeitschrift Band* 50, Berlin-New York, 1975.

**Kilian-Dirlmeier I. 1979**, Anhänger in Griechenland von der mykenischen bis zur spätgeometrischen Zeit (*Prähistorische Bronzefunde* XI, band 2), Munchen 1979.

**Кораќевиќ Д. 1977**, Наод од халштатско време од Бразда кај Скопје, *МАА* 3, Прилеп 1977.

**Крстевски Ц., Соколовска В. 2005**, Нови наоди на македонско-пајонски бронзи, *МАА* 16, 1997-1999, Скопје 2005.

**Λιλιμπάκη-Ακαμάτη Μ, Ακαμάτης Μ. Ι, Χρυσοστόμου Α., Χρυσοστόμου Π. 2011**, To Arcaiologiko mogseio Пellas, EFG Eurobank Ergasias AE., 2011.

**Maitland M. 2017**, Chauchitza at National Museums Scotland, Chauchitza during the First World War, Archaeology behind the battle lines - The Macedonian campaign (1915-19) and its legacy, London-New York 2017.

**Милчев Ат. 1958**, Към въпроса за най-древните фибули в българските земи, Изсл. в чест на акад. Д. Дечев, Софија, 1958.

**Mikulčić I. 1966**, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, ADJ Arheološki muzej - Skopje, Skopje1966.

**Misailidou-Despotidou V. 2011**, La nécropole Nea Philadelpheia, Tombe 948, Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011.

**Митревски Д. 1988а**, Железнодопски наоди од Виница, *Културно наследство* 12/13, Скопје 1988.

**Митревски Д. 1988б**, Карактеристични форми на "македонските бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, *МАА* 9 (1983-1984), Скопје 1988.

**Митревски Д. 1990**, Куново Чуки кај Оризари, Могила II, *МАА* 11, Скопје 1990.

**Митревски Д. 1991**, Дедели, Скопје 1991.

**Митревски Д. 1999**, Гробот на пајонската свештеничка, *МАА* 15, Скопје 1999.

**Mitrevski D. 2007,** Pogrebuvanja na sveštenički-te vo železno vreme vo Makedonija, Scripta Praehistorica in honorem Biba Teržan, *Situla* 44, Ljubljana 2007.

**Митревски Д., Темов С. 1999**, Нови наоди од Исар-Марвинци - истражувањата во 1997 година, Сонда I, *МАА* 15, Скопје 1999.

**Pabst S. 2008**, Zur absoluten Datierung des ersten früheisenzeitlichen Horizontes auf dem nördlichen Zentralbalkan Germania 86, 2008.

**Папапзовска А. 2005**, Погребувањата на Вардарски Рид, Вардарски Рид Том I, Скопје 2005.

**Папазовска А. 2019**, Статусни симболи кај Пајонските заедници - *каталог*, Скопје 2019.

**Пашиќ Р. 1977,** Археолошко истражување на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *МАА* 3, Прилеп 1977.

**Пашиќ Р. 1978**, Археолошко испитување на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Зборник* АММ, (1975-1977), кн.VIII-IX, Скопје 1978.

**Пашиќ Р. 1983**, Некропола од постаро железно време во село Дедели кај Валандово, *Зборник* АММ, кн. X-XI, (1979-1982), Скопје 1983.

**Пашиќ Р., Винчиќ Ж., Ивановски М., Георгиев З. 1987**, Некрополата "Милци" кај Гевгелија, *Културно наследство* XI, РЗЗСК-Скопје, Скопје 1987.

**Rey L. 1932**, Bohemica (Bohemitsa), Albania, Paris 1932.

**Sabbopoulou Q. 1994**, Καραθοδωρέιχα 1993-94, *AEMO* 8. 1994.

**Sabbopoulou Q. 2007**, «Ap' Axiou euru reontos Axiou, ou kalliston udwr epikidnatai Aian», *Ancient Macedonia* VII, Thessaloniki 2007.

**Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Сарџоски С. 1976**, Праисторија во Македонија, Скопје 1976.

**Slavković N., Đurić 1965**, Ilirski tumuli kod Suve Reke, *Glasnik* Muzeja Kosova i Metohije, Priština1965.

**Stojoska-Vidovska T. 2018**, History of archaeological excavations of the necropolis of Trebenishte in 1953-1954 and 1972, "100 years of Trebenishte" - *catalogue*, Sofia 2018.

**Тасић Н. 1998**, Гвоздено доба, Археолошко благо Косова и Метохије, Српска академија наука и уметности и музеј у Приштини, Београд 1998.

**Τριανταφιλλος Δ. 1983**, "Αρχαικο νεκροταφειο στη Δυντικη Θρακη"Ann. Sc. Atenc LXI N.S. XLV, 1983.

**Tsigarida E.-B.1997**, Greek Jewellery - 6000 years of tradition, Jewellery from the Geometric period to the Late Antiquity (9th c. BC - 4th c. AD, Athens 1997.

**Heilmman D. 2016**, Contextualising bow fibulae with Beotian shield plates: Cultural transfer processes during early iron age in the central Balkan area, *Старинар* LXVI, Београд 2016.

**Heillman D. 2020**, Grave Disturbances - The archaeology of post-depositional interactions with the dead, *Studies in Funerary Archaeology* Vol. 14, Oxford & Philadelphia 2020.

**Хусеновски Б. 2005**, Милци 1997 (заштитно ископување), *МАА* 16, Скопје 2005.

**Хусеновски Б. 2017**, Приврзокот - "Лира" од некрополата Милци, *Патримониум.МК.*15, Скопје 2017.

**Хусеновски Б. 2018**, Женски гроб со култна палка од некрополата Милци кај Гевгелија, *Патримониум. МК.*16, Скопје 2018.

**Хусеновски Б. 2019**, Некропола Милци, Статусни симболи кај Пајонските заедници - *каталог*, (ко-автор), Скопје 2019.

**Хусеновски Б.**, Димитриоска-Спасовска Г. 1999, "Вардарски Рид"- Гевгелија, истражувања во 1994 год., *МАА* 15 (1996-1997), Скопје 1999.

**Хусеновски Б., Сламков Е. 2005**, Водич низ постојаната археолошка поставка - НУМГ, Гевгелија 2005.

**Chacheva M., Vasileva S. 2018**,Faience and glass items from Trebenishte, "100 years of Trebenishte", Sofia 2018.

**Chrysostomou A. 2011**, La nécropole de Nèa Zoè Almopias, Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011.

**Coldstream J.N. 2003**, Geometric Greece 900-700 B.C., London&New York 2003.

**Чаусидис Н. 2017**, Македонски бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од средниот Балкан, Центар за истражување на предисторијата, Скопје 2017.

**Young S. R. 1975**, Late Geometric graves and a seventh century well in the Agora, *Hesperia*: Supplement II 1939, Amsterdam 1975.

Boban HUSENOVSKI

## BOLOVAN - AN IRON AGE NECROPOLIS NEAR BOGDANCI

*Summary*

The discovery of the new necropolis Bolovan adds useful data to the acquired knowledge about the Developed Iron Age in Dolno Povardarje and Macedonia in general. It is another site located in Gevgelija-Valandovo region, an area where we noticed the highest concentration of flat Iron Age necropolises. If we place the Bolovan necropolis in the center of that geographical area, none of the known necropolises in the mentioned region is further than approx. 25 km., not even the two important necropolises of Bohemitsa and Chauchitsa in the Republic of Greece. It is a well researched area, in which several hundred flat graves with inhumations have been discovered. These stone structures - cists are the dominant form of burial architecture, compared to the much rarer burial pits, mounds of thrown stones and burials with inhumations in pithoi.

Considering the undetermined status of the Bolovan necropolis, and the looted graves and archaeological finds (whose data is mainly lost for the science) every salvaged find from the necropolis is valuable many times over. In addition to thirty devastated burial structures, we discovered only two intact burials, and all grave offerings are significant for supplementing the knowledge for the funerary inventory, that was used between the end of the 8th and the end of the 6th century BC, in Dolno Povardraje.

In that context, we will consider the discovered findings in the two intact cists graves (grave 15 and 23) as crucial for enriching the Iron Age collection with new materials, that has been seen and interpreted from another angle. This group includes the discovered pierced belt, the use of the small circular plate adapted as a belt accessory and of course, the appearance of the arched fibula of the "*Types des Iles*" type, i.e. its variant of the so-called fibulae of the "*Iles de l'Archipel*" type, which represents a unique example from Blinkenberg's - "group IV", which, according to the current knowledge, is the most northern occurrence.

The accidental discovery of pithos parts beneath the grave structure of Grave 23 gives some hope that there may be exist an older cultural horizon, that has remained beyond the reach of the organized illegal excavated groups.

The need to organize comprehensive and complex systematic excavations of the Bolovan necropolis is more than a moral obligation of the current archaeological potential.